ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2014

СОДРЖИНА

ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ 3

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА 5

МИСИЈА 7
НЕЗАВИСНОСТ 7
СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ 8
БУЏЕТ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА 9
ЕДУКАЦИЈА НА ДРЖАВНИТЕ РЕВИЗОРИ 11
СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ 12
РЕВИЗОРСКИ СТАНДАРДИ И МЕТОДОЛОГИЈА 14
СОРАБОТКА СО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ 15
ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ИТ РЕВИЗИЈА 16
РЕВИЗОРСКИ АКТИВНОСТИ НИЗ БРОЈКИ 18
ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ И ИЗДАДЕНИ ИЗВЕШТАИ 19
СУБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИЈА 21
ПРОВЕРКИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ 22
РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ ПРИХОДИ ВО 2014 ГОДИНА 23
РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ РАСХОДИ ЗА 2014 ГОДИНА 24
РЕВИЗОРСКИ НАОДИ / КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ 25
ЈАВНИ НАБАВКИ 27
РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА 29
ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ПО ДАДЕНИТЕ ПРЕПОРАКИ ВО РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ 31

РЕВИЗОРСКИ АКТИВНОСТИ 33

ГЛАВНИ АСПЕКТИ ОД УТВРДЕНИТЕ СОСТОЈБИ СО РЕВИЗИЈАТА ВО 2014 ГОДИНА КАЈ ОСНОВЕН БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 35
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ И ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2014 ГОДИНА 38
ОДБРАНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 40
ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО 42
ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА 44
НУ НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА 48
МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ 49
РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ 50

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ 85

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 87
ТРАНСПАРЕНТНОСТ 93

Почитувани,

2014 година беше многу важна година во развојот на Државниот завод за ревизија. Покрај јубилејот 15 години од функционирањето на ДЗР како самостојна и независна институција во Република Македонија, 2014 година ја одбележа и првата годишнина од реализацијата на Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија за периодот 2013-2017 година. Стратегијата содржи пет клучни цели кои преку реализација на активностите се во насока на максимизирање на придонесот на Државниот завод за ревизија во јакнењето на финансиската контрола и одговорност во јавниот сектор на Република Македонија. Значаен напредок оваа година беше остварен во рамките на стратешката цел за развој на квалитетот на државната ревизија, при што новите методолошки акти, прирачниците за ревизија на регуларност и ревизија на успешност беа хармонизирани со ISSAI стандардите.

Годишниот извештај ги содржи во сублимирана форма резултатите од извршените ревизии и другите активности кои ги реализиравме во текот на 2014 година. Како резултат на спроведените ревизии на финансиските извештаи и ревизиите на успешност, Државниот завод за ревизија во 2014 година, изврши 103 ревизии. Тие содржат важни информации и голем број на препораки кои се од значење за подобрување на финансиското управување и одговорното трошење на јавните пари од страна на субјектите предмет на ревизија. Како и досега, во изборот и дефинирањето на опфатот на ревизиите клучен елемент беа прашањата за транспарентно и наменско трошење на јавните пари и квалитетот на јавните услуги кои ги заслужуваат нашите граѓани.

Од аспект на професионалната надградба на вработените беа реализирани повеќе обуки од областа на ревизијата и користењето на надградената ИТ инфраструктура во Државниот завод за ревизија, поврзани со дефинирањето на потребите и примената на системот за управување со ревизиите (Audit Management System). Спроведените обуките во 2014 година придонесоа за натамошно одржување на високата професионалниот и посветеност на нашите вработени, а со тоа и можност Државниот завод за ревизија да ја исполнува својата мисија. На сите вработени, посебно им честитам за сработеното во 2014 година!

На меѓународен план, покрај редовните активности Државниот завод за ревизија оствари значаен напредок во реализацијата на проектот со Канцеларијата на главниот ревизор на Норвешка насочен кон подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на систем за управување со ревизиите (Audit Management System). Во 2014 година започна со реализација втората фаза на проектот која опфати набавка и инасталирање на потребната опрема за надградување на ИТ инфраструктурата во Државниот завод за ревизија, серија на обуки за користење на истата и спроведување на јавна набавка за дизајнирање и развивање на софтверско решение за AMS кое ќе се реализира во текот на 2015 и 2016 година.

Регулирањето на уставноста на Државниот завод за ревизија, како наш долгогодишен приоритет, се наоѓа во завршна фаза која наскоро треба да добие позитивен исход. Во наредниот период наш приоритет ќе биде воспоставување на редовен и ефективен механизам за разгледување на ревизорските извештаи во Собранието на Република Македонија по примерот на европската пракса.

На крај би сакала да го споделам и задоволството дека во истата 2014 годината кога Државниот завод за ревизија одбележа Јубилеј - 15 години од функционирањето, започна изградбата на новата административна зграда Палатата -Емануел Чучков – која од 2016 година треба да биде новата адреса на Државниот завод за ревизија.

Во состав на Годишниот извештај редовно го приложуваме и мислењето на независниот надворешен ревизор за финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2014 година.

Главен државен ревизор

м-р Тања Таневска

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

МИСИЈА

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е Врховна ревизорска институција во Република Македонија која има за цел навремено и објективно да го информира Собранието, Владата, другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии.

Државниот завод за ревизија обезбедува поддршка на Собранието на РМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификацијата и презентацијата на неправилностите, случаите на противзаконско работење, и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата.

Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавните средства за унапредување на управувањето на истите. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Македонија.

НЕЗАВИСНОСТ

Како независен надворешен ревизор ДЗР врши ревизија на јавните приходи и јавните расходи во согласност со ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ).

Независноста на ДЗР е гарантирана со Законот за државна ревизија, кој за прв пат е донесен во 1997 година и во текот на годините е повеќе пати менуван и дополнуван. Во 2010 година е донесен новиот Закон за државната ревизија кој што претставува понатамошно усогласување со Мексико декларацијата за независност на врховните ревизорски институции и основните принципи на Лима декларацијата за правилата и насоките на ревизијата. Со овој закон се регулира позицијата на ДЗР и законот му дава на ДЗР широк мандат да врши ревизии на регуларност и на успешност, со пристап до сите неопходни информации. ДЗР има финансиска независност и овластување да управува со сопствените ресурси. ДЗР има слобода да одлучува за предметот и содржината на ревизиите и има доволно механизми за следење на препораките, за да се осигури дека субјектите соодветно ги имплементирале препораките дадени во ревизорските извештаи.

СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

Државната ревизија ја извршуваат 93 вработени, овластени државни ревизори, државни ревизори и вработени за административна поддршка, организирани во 7/седум/ сектори и 2/две/ одделенија, од кои 4/четири/ сектори се директно вклучени во процесот на ревизијата (сектори за ревизија) и покриваат различни области од јавниот сектор, 1/еден/ сектор за унапредување на ревизијата и контрола на квалитет, и 2/два/ сектори за административна поддршка. Воедно, во рамки на организацијата функционираат и 2/две/ одделенија, за човечки ресурси и внатрешна ревизија.

Ревизијата ја вршат 82 ревизори од кои 70 поседуваат уверение за овластен државен ревизор.

Од вкупниот број на вработени 96% се со универзитетско образование од областа на економските, правните науки, информатичката технологија и други области, а во континуитет се зголемува и процентот на вработените кои се стекнале со академски степен - магистер.

БУЏЕТ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Согласно Законот за државна ревизија (Сл.весник бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14) финансирањето на Државниот завод за ревизија се обезбедува од Буџетот на Република Македонија. Потребните средства за работа на предлог на Државниот завод за ревизија ги утврдува Собранието на Република Македонија.

Вкупниот буџет на Државниот завод за ревизија во 2014 година изнесуваше 94.880 илјади денари. Од нив 97 % се средства обезбедени од централниот буџет и 3% се сопствени приходи. Прикажаните сопствени извори на средства на сметката приходи наплатени од органи потекнуваат од наплатени средства за ревизии извршени пред стапувањето на сила на новиот Закон за државна ревизија во 2010 година.

До донесувањето на новиот Закон за државна ревизија, во рамките на Државниот завод за ревизија функционираше и Ревизорското тело. Во мај 2010 година, со донесувањето на новиот Закон за државна ревизија, се донесе и Закон за ревизија на инструментот за претпристапна помош, со што Ревизорското тело се издвои од Државниот завод за ревизија како самостојно правно лице со посебен буџет.

Одобрени средства од Буџетот на РМ по години



Расходи во 2014 година



Од аспект на структурата на расходите на Државниот завод за ревизија, 79% се наменети за плати на вработените, 4% за вршење ревизии на територијата на Република Македонија, 5% за комунални услуги, 9% за други административни расходи и 3% за капитални расходи.

Во текот на 2014 година продолжи реализацијата на проектот МАК-12/0015 „Имплементација на систем за управување со ревизија“ финансиран со средства од донација одобрена од Министерството за надворешни работи на Норвешка. Целта на проектот е подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизорската работа со примена на систем за управување со ревизијата.

Одобрениот буџет во 2014 година за реализација на активностите планирани со проектот МАК-12/0015 изнесуваше 19.025 илјади денари. Од нив, Државниот завод за ревизија реализираше 9.984 илјади денари, додека останатите средства се пренесуваат во наредната година. Од вкупните расходи, 13% се однесуваат на расходите наменети за обуки и надградба на знаењата и вештините на ревизорите за примена на новиот систем за управување со ревизијата, 21% за други административни расходи и 1% за комунални услуги.

Најголем дел, 65% од вкупните расходи, беа наменети за набавка и инсталација на опрема за надградба на ИТ инфраструктурата во Државниот завод за ревизија која е неопходна како техничка поддршка за новиот софтвер за управување со ревизијата.

Расходи од донација во 2014 година



ЕДУКАЦИЈА НА ДРЖАВНИТЕ РЕВИЗОРИ

Активностите за едукација на вработените се усогласени со стратешките определби на ДЗР за континуирано надградување на професионалните и стручни способности на ревизорите и раководниот кадар во институцијата и воспоставување објективен систем за оцена на степенот и квалитетот при исполнувањето на работните задачи.

Обуката на вработените на ДЗР се изврши низ повеќе форми: организирање интерни обуки во рамките на ДЗР, со предавачи од ДЗР и користење на надворешни експерти; обука на работно место, учество на курсеви, семинари, работилници, организирани од работни групи/комитети на ИНТОСАИ/ЕУРОСАИ, Европскиот суд за ревизија, СИГМА и други меѓународни професионални организации и асоцијации.

Согласно операционализацијата на Стратегијата за управување со човечки ресурси и расположливите капацитети, во 2014 година се реализираа обуки од следните области:

- Основи на државната ревизија
- Ревизија на успешност, со рамка за јавна внатрешна финансиска контрола (PIFC)
- Зајакнување на етиката во ВРИ
- Најнови измени и дополнувања на Законот за јавни набавки во соработка со Бирото за јавни набавки
- Користење на надградената ИТ инфраструктура.

СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

Во текот на 2014 година продолжува имплементацијата на стратешките документи на Државниот завод за ревизија, усвоени во декември 2012 година и тоа: Стратегија за развој на ДЗР за периодот 2013-2017, Стратегија за управување со човечки ресурси за периодот 2013-2017 и ИТ Стратегија за периодот 2013-2017.

Стратегијата за развој на ДЗР обезбедува континуирана реализација на предвидените цели и активности, особено за понатамошното унапредување на работата на ДЗР, развој на квалитетот на државната ревизија, системот на управување со институционалните капацитети на ДЗР, како и другите цели утврдени со Стратегијата.

Промовирањето и подобрувањето на имплементацијата на Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции (ISSAI), е уште еден начин на кој ДЗР овозможува понатамошен развој на квалитетот на државната ревизија. Меѓународните организации ИНТОСАИ и ЕУРОСАИ со своите активности им помагаат на своите членки, меѓу кои и на ДЗР, да ги имплементираат овие стандарди.

Во 2014 година преземени се голем број активности за реализација на стратешките цели, од аспект на:

- Осигурување на независноста на Државниот завод за ревизија преку измена на Уставот на Република Македонија, чија постапка на усвојување е во тек;
- Осигурување на квалитетот на ревизиите, која како постапка на оценка на функционирање на контролите на квалитет, се спроведува на начин утврден во Упатството за осигурување на квалитет на ревизиите. Со извршеното осигурување на квалитет во 2014 година, независниот тим за проверка даде насоки на кој начин да се осигури правилна примена на методолошките акти и добрата пракса при вршење на ревизиите.
- Надминување на системските слабости утврдени во ревизорските извештаи, со укажување на идентификуваните системски слабости во секој поединечен ревизорски извештај, како и нивно сумарно прикажување во Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2013 година.
- Воспоставување на електронскиот систем за управување со процесот на ревизијата (AMS), во соработка со Канцеларијата на главниот ревизор на Норвешка (OAGN).
- Унапредување на постојниот систем за финансиско управување и контрола во Државниот завод за ревизија, согласно меѓународните стандарди за внатрешна контрола и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, преку донесување и имплементација на повеќе процедури за значајни процеси.
- Извршување на функцијата на внатрешна ревизија во ДЗР и донесување на План за извршување на внатрешната ревизија за 2015 година.
- Со цел усогласување на организационата поставеност со бројот на ревизорите донесени се нови интерни акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Државниот завод за ревизија, со што ќе бидат реализирани и стратешките цели

на Државниот завод за ревизија, за понатамошен развој на квалитетот на државната ревизија, а со тоа и понатамошно унапредување на функционалната, организациската и кадровската структура.

- Зајакнување на интегритетот во Државниот завод за ревизија, за што се реализирани повеќе активности, меѓу кои и обука за етика утврдена со Годишната програма на Државниот завод за ревизија за 2014 година. Исто така, Државниот завод за ревизија како член активно учествува во активностите на EUROSAI Работната група за етика и ревизија.
- Понатамошно популаризирање на улогата и значењето на државната ревизија со публикување на Стратегијата за развој на ДЗР за периодот 2013 – 2017 година на македонски и англиски јазик во печатено колор издание, со што ја направи достапна и приемчива за сите заинтересирани страни и пошироката јавност.
- Исто така, по повод 15 години јубилеј на ДЗР беше публикувана пригодна брошура.

Останатите активности за реализација на стратешките цели во однос на едукацијата на вработените, имплементацијата на меѓународни стандарди на врховните ревизорски институции во методолошките акти и праксата за државна ревизија, информатичката технологија и ИТ ревизија, соработката со надлежни органи, меѓународната соработка и транспарентноста, се образложени во соодветните поглавја на овој Годишен извештај.

Во однос на стратешките цели кои треба да се реализираат во наредниот период, Државниот завод за ревизија изготви предлог фише за Твининг проект насловен како „Зајакнување на капацитетите на Дршавниот Завод за Ревизија, користејќи ги најдобрите практики на Европската унија“, кој е финансиран од ИПА фондовите на ЕУ. Како резултати на проектот се планирани повеќе активности во насока на зајакнување на соработката на ДЗР со Собранието на Република Македонија, како и за изготвување на методологија и план за повеќегодишно планирање на ревизиите.

Согласно утврдените цели во Стратегијата за управување со човечки ресурси на ДЗР се обезбедува континуирано надградување и обучување на вработените, со цел да се одржува висок квалитет на работењето, како и постојано зајакнување на ревизорските тимови со нови перспективни кадри.

Воедно, ИТ Стратегијата на Државниот завод за ревизија за периодот 2013-2017 година, континуирано го надградува и информациониот систем на Државниот завод за ревизија, со што придонесува за соодветно имплементирање на Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2013 – 2017 година.

Во текот на 2014 година беше донесена и Стратегијата за управување со ризици на ДЗР за периодот 2014 – 2017 година, со Регистар на ризици на ДЗР, согласно Законот за јавна внатрешна контрола и Стандардот 11-Управување со ризикот, од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор. Намената на оваа Стратегија е подобрување на способноста за остварување на стратешките цели на ДЗР, преку континуирано следење на состојбите од севкупното опкружување, кое бара прилагодување и усогласување на работата со актуелната економска, социјална и политичка средина. Управувањето со ризиците има за цел да придонесе кон одржување на постигнатиот квалитет, ефикасност и резултати во сите планирани активности за остварување на стратешките цели на ДЗР.

РЕВИЗОРСКИ СТАНДАРДИ И МЕТОДОЛОГИЈА

Ревизорските стандарди обезбедуваат упатства за ревизорите во одредување на опфатот на ревизорските чекори и постапки, кои треба да се применат во ревизиите и се состојат од критериуми во однос на кои квалитетот на резултатите од ревизиите се оценува. Прирачниците и упатствата ги водат ревизорите како тоа може да се обезбеди.

Во текот на 2014 година беше изготвена Стратегијата за имплементација на ISSAI стандардите, врз основа на извршената анализа за усогласеност со ISSAI, од страна на работни групи формирани од Главниот државен ревизор.

Врз основа на извршените анализи, а согласно донесената Стратегија беше изработен Прирачникот за ревизија на регуларност и Прирачникот за ревизија на успешност, со анекси за сите фази во ревизијата. Прирачниците се изработени на јасен, концизен и разбирлив јазик, што ќе овозможи усогласен пристап во ревизорските активности. Истите беа презентирани, пред сите вработени, во текот на декември 2014 година, а за полесно и поедноставно справување со сите предизвици на процесот на ревизија, беа изработени и презентирани: Тек на ревизијата на регуларност и Тек на ревизија на успешност, со линкови до обрасците кои ќе се користат од ревизорите во процесот на вршењето на ревизијата.

Во таа насока ќе продолжи преведувањето на Меѓународните стандарди на ВРИ (ISSAI), методолошки упатства и друга стручна литература од областа на ревизијата, издадени од комитети и работни групи на ИНТОСАИ, на македонски јазик, со цел нивно усогласување и имплементација во ревизорската пракса.

Согласно стандардите и насоките од Упатството за осигурување на квалитет на извршените ревизии, во текот на 2014 година продолжи реализацијата на Годишниот план за осигурување на квалитет во ревизијата.

Стручен тим на овластени државни ревизори, извршија 4/четири/ ревизии за осигурување на квалитет и тоа:

- ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија,
- Дирекција за технолошки индустриски развојни зони,
- Буџет и корисници на средствата од буџетите на Општина Тетово,
- Државна Комисија за жалби по јавни набавки.

СОРАБОТКА СО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

Соработката со Собранието на Република Македонија и други државни органи се одвива во континуитет во повеќе насоки.

Државниот завод за ревизија до Собранието на Република Македонија го достави на разгледување Годишниот извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија за 2013 година, што е и обврска утврдена со Законот за државната ревизија.

На продолжението на Дванаесеттата седница, одржана на 03 септември 2014 година, Собранието на Република Македонија го разгледа и го усвои Годишниот извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија за 2013 година. При тоа усвои заклучоци со кои констатира дека Државниот завод за ревизија како независна врховна ревизорска институција ги извршува активностите согласно Законот за државната ревизија, Мексико декларацијата за независност и основните принципи на Лима декларацијата за правилата и насоките на ревизијата.

Собранието им препорача на субјектите предмет на ревизија да постапуваат по препораките на ДЗР и да го зајакнат контролниот систем во институциите, со што процентот на изразените позитивни мислења за финансиските извештаи ќе се зголеми. Собранието укажа на потребата и Владата на Република Македонија да превземе мерки за надминување на состојбите, во однос на системските слабости и колизија на одредени законски прописи констатирани во ревизорските извештаи.

Воедно, во текот на 2014 година, а согласно обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Државниот завод за ревизија до Собранието на Република Македонија ги достави сите конечни ревизорски извештаи.

Во рамки на реализацијата на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година, до Јавното обвинителство доставен е 1 /еден/ ревизорски извештај, поради основано сомнение за сторен прекршок/кривично дело. Во текот на 2014 година на барање на Јавното обвинителство на Република Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за ревизија има доставено 5/пет/ конечни ревизорски извештаи со документација за претходните години.

Државниот завод за ревизија активно соработува со сите државни органи во насока на спречување и намалување на корупцијата, во рамки на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси. Државниот завод за ревизија учествува во реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) преку активностите предвидени во Поглавје 3.23. Правосудство и фундаментални права, Подрачје – Антикорупциска политика и Поглавје 3.32 Финансиска контрола, Подрачје – Надворешна ревизија, како и во работата на Меѓуресорското тело за спречување на корупцијата.

ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ИТ РЕВИЗИЈА

Развојот и употребата на информатичката технологија и нејзино рационално и ефикасно користење во ревизијата претставува стратешка цел на Државниот завод за ревизија.

Во 2014 година направена е надградба на инфраструктурата на информацискиот систем на Државниот завод за ревизија во согласност со развојот на новите технологии и стандарди водејќи грижа за достапност на податоците на авторизиран корисник, доверливост, интегритет, безбедно чување на податоците на централна локација, усогласеност со законите, редовно правење на резервна копија (backup), заштита од физички и логички пристап на податоците.

Направено е адаптирање на просторија за новата сервер сала, со соодветна електрична инсталација, со имплементирани системи за контрола на пристап, систем за видео надзор, систем за ладење, против пожарна заштита и електрична заштита.

Исто така набавена и имплементирана е нова хардверска опрема со сервери и уреди за складирање на податоци, со неопходниот системски софтвер и надградба на постојната компјутерска мрежа.

Воспоставена е виртуелизација на новиот информациски систем со максимално искористување на ресурсите, со решение за отпорност од грешки, решение за правење на резервна копија, решение за антивирусна заштита и воспоставување на заштита од надворешен упад.

Воедно, обезбедено е непречено функционирање на имплементираните системи за централизирано чување и размена на податоци, за електронската пошта, системот за архивско работење, системот за внатрешно информирање на вработените, интегрираниот финансиски информационен систем и системот за анализа на податоците од ревизорските извештаи.

Надградбата на информацискиот систем е направена во рамките на проектот „Подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизорската работа со употреба на систем за управување со процесот на ревизија (Audit Management System - AMS)“, кој е финансиран од грант од Кралството Норвешка и се реализира со техничка помош од Канцеларијата на главниот ревизор на Норвешка.

Во 2014 година спроведена е набавка и избор на добавувач за изработка и имплементација на систем за управување со процесот на ревизија (Audit Management System - AMS).

Изготвени се апликации за Тек на ревизијата на регуларност и Тек на ревизијата на успешност, кои претставуваат водилки во процесите на ревизија и истите ќе се користат како претходница во имплементација на системот за управување со процесот на ревизија (Audit Management System - AMS).

За ревизорите е обезбеден пристап на интернет при извршување на ревизорски задачи на терен.

Составен дел од финансиската ревизија е употребата на компјутерски потпомогнати ревизорски техники (CAAT's), како и употребата на ИДЕА софтверот за анализа на податоците од кои се генерираат финансиските извештаи.

Државниот завод за ревизија, со ревизиите во однос на информациските системи укажува на потребата од донесување односно ажурирање на стратегија за развој на информационите системи, како и пропишување, одобрување и имплементирање на безбедносни политики и процедури во системите со што ќе се подобри управувањето со ИТ ресурсите согласно приоритетите за развој на ревидираниот субјект, а воедно ќе го намалат ризикот од неефикасна заштита на информациониот систем, губење или оштетување на податоците, неточност и неверодостојност на записите и неовластен пристап до доверливи податоци.

РЕВИЗОРСКИ АКТИВНОСТИ НИЗ БРОЈКИ

30	РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕВИЗИИ НА РЕГУЛАРНОСТ
6	РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕВИЗИИ НА УСПЕШНОСТ
80	РЕВИЗИИ НА УСПЕШНОСТ – (ревизија на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија)
168	РЕВИДИРАНИ СУБЈЕКТИ
1.231	БРОЈ НА НАОДИ ВО РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
833	БРОЈ НА ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ ВО РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
70	РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА КОИ СЕ ИЗВРШЕНИ ПРОВЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ
353	СПРОВЕДЕНИ ПРЕПОРАКИ
139.336	МИЛИОНИ ДЕНАРИ РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ ПРИХОДИ
7.844	МИЛИОНИ ДЕНАРИ РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ РАСХОДИ
116	РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ДОСТАВЕНИ ДО СОБРАНИЕТО НА РМ
1	РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ ДОСТАВЕН ДО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ И ИЗДАДЕНИ ИЗВЕШТАИ

Во 2014 година извршени се 103 ревизии (2013 - 103 ревизии) од кои 17 ревизии на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност, 6 ревизии на успешност и 80 ревизии на успешност/ревизии на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија.

Од извршените ревизии издадени се 116 (2013 – 155) ревизорски извештаи, од кои 30 за финансиска ревизија, 80 за ревизија на успешност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија и 6 за ревизии на успешност.

Во следната табела даден е преглед на бројот на извршени ревизии и издадени извештаи со структура на податоците за две години:

Преглед на извршени ревизии

Вид на ревизија	2014		2013	
	Број на извршени ревизии			
	Број	%	Број	%
1	2	3	4	5
Финансиски ревизии	17	16	93	90
Тематски ревизии/за посебни намени	-	-	3	3
Ревизии на успешност/ЗЈВФК	80	78	-	-
Ревизии на успешност	6	6	7	7
Вкупно ревизии	**103**	**100**	**103**	**100**

Извршени ревизии



Преглед на издадени извештаи

Вид на ревизија	2014		2013	
	Број на издадени извештаи			
	Број	%	Број	%
1	2	3	4	5
Финансиски ревизии	30	26	145	94
Тематски ревизии/за посебни намени	-	-	3	2
Ревизии на успешност/ЗЈВФК	80	69	-	-
Ревизии на успешност	6	5	7	4
Вкупно извештаи	**116**	**100**	**155**	**100**

Издадени извештаи



СУБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИЈА

Државниот завод за ревизија со Годишната програма за работа, ги дефинира планираните субјекти и области, согласно усвоени критериуми за избор на субјекти, односно области кои ќе бидат ревидирани на годишно ниво.

Опфатот на државната ревизија од аспект на бројот на ревидирани субјекти, ги опфаќа и субјектите кои годишно задолжително се ревидираат, согласно закон.

За постигнување на целите на извршените ревизии, во зависност од тоа дали се спроведува ревизија на регуларност или ревизија на успешност во текот на 2014 година со ревизија се опфатени 168 субјекти за сите извршени ревизии. Во следниот преглед е дадена структура на опфатените субјекти со ревизија по видови ревизии.

Вид на ревизија	2014		2013	
	Субјекти	%	Субјекти	%
1	2	3	4	5
Ревизии на финансиски извештаи	21	12	93	55
Тематски ревизии/за посебни намени	-	-	3	2
Ревизија на успешност/ЗЈВФК	80	48	-	-
Ревизии на успешност	67	40	74	43
Вкупно	**168**	**100**	**170**	**100**

Субјекти опфатени со ревизија по видови на ревизии



ПРОВЕРКИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ

Во 2014 година Државниот завод за ревизија изврши проверки за утврдување на статусот на дадените препораки во конечните ревизорски извештаи издадени во 2013 и 2014 година, во функција на утврдување на степенот на нивно спроведување кај 53 субјекти (2013–37), при што беа опфатени препораките дадени во 70 конечни ревизорски извештаи (2013-57).

Проверки на спроведување на препораките	2014	2013	Индекс (2/3)
1	2	3	4
Број на субјекти опфатени со проверките за утврдување на статусот на дадените препораки	53	37	143
Број на ревизорски извештаи кај кои се извршија проверки на спроведување на препораките	70	57	123



РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ ПРИХОДИ ВО 2014 ГОДИНА

Вкупните износи на ревидирани јавни приходи и расходи по извршените ревизии на финансиските извештаи во 2014 година се прикажани во следните два прегледа:

(во милиони денари)

Ревидирани јавни приходи	2014		2013	
	Приходи	%	Приходи	%
1	2	3	4	5
Централен буџет на Р.Македонија	138.377	99	126.288	70
Буџети на Единици на локална самоуправа	673	1	4.675	3
Буџети на фондови	76	-	48.114	26
Политички партии	169	-	298	-
Јавни претпријатија	41	-	182	-
Други институции	-	-	1.562	1
Вкупно	**139.336**	**100**	**181.119**	**100**

Во структурата на ревидираните јавни приходи во 2014 година по годишните сметки за 2013 година, приходите на Централниот буџет на Република Македонија учествуваат со 99%,а приходите на буџетите на единиците на локална самоуправа учествуваат со 1%.

РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ РАСХОДИ ЗА 2014 ГОДИНА

Во структурата на ревидираните расходи во 2014 година по годишните сметки за 2013 година, расходите на корисниците на Централниот буџет на Република Македонија учествуваат со 87%, расходите на корисниците на буџетите на единиците на локална самоуправа учествуваат со 8%, расходите на буџетите на фондовите учествуваат со 1%, расходите на политичките партии со 3% и расходите на јавните претпријатија учествуваат со 1%.

(во милиони денари)

Ревидирани јавни расходи	2014		2013	
	Расходи	%	Расходи	%
1	2	3	4	5
Централен буџет на Р. Македонија	6.858	87	9.445	15
Буџети на единици на локална самоуправа	656	8	4.050	6
Буџети на фондови	76	1	47.567	75
Политички партии	214	3	289	1
Јавни претпријатија	40	1	265	1
Други институции	-	-	1.554	2
Вкупно	**7.844**	**100**	**63.170**	**100**

РЕВИЗОРСКИ НАОДИ / КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ

При спроведувањето на Годишната програма за работа за 2014 година овластените државни ревизори и државните ревизори во 112 ревизорски извештаи констатирале (1231) наоди/состојби, од кои (14) наоди во системот на интерни контроли се констатирани во 10 ревизорски извештаи. Наоди по однос на неусогласеност со законската регулатива и прописи (50) се констатирани во 19 ревизорски извештаи, наоди кои се однесуваат на финансиските извештаи (57) констатирани се во 18 ревизорски извештаи, додека наоди кои се однесуваат на користење на средства спротивно на законските прописи (9) констатирани се во 3 ревизорски извештаи.

Од извршените анализи може да се констатира дека наоди кои се однесуваат на јавните набавки (40) се констатирани во 35 ревизорски извештаи, а во еден ревизорски извештај констатиран е наод кој се однесува на информатичката технологија.

Во однос на констатираните состојби при вршењето на ревизиите на успешност, односно ревизија на успешност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија, утврдени се состојби во однос на правната рамка и стратешки документи (78), како и состојби во однос на финансиско управување и контрола (390) констатирани во 78 ревизорски извештаи. Состојби во однос на внатрешна ревизија (210) се констатирани во 78 ревизорски извештаи, како и (78) состојби во однос на пописот. За системот на интерни контроли за набавки и плаќања констатирани се (106) состојби во 71 ревизорски извештај, додека за координација и хармонизација на внатрешната ревизија е констатирана состојба во еден ревизорски извештај.

ПРЕГЛЕД НА НАОДИ И КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ		
	Констатирани наоди	
Вид на наод	**Број**	**%**
Наоди по однос на неусогласеност со законска регулатива и прописи	50	5
Наоди кои се однесуваат на финансиските извештаи	57	5
Наоди во системот на интерни контроли	14	1
Наоди кои се однесуваат на користење на средствата спротивно на законските прописи	9	1
Наоди кои се однесуваат на јавните набавки	40	4
Наоди кај ИТ	1	0
Правна рамка и стратешки документи	78	8
Финансиско управување и контрола	390	38
Внатрешна ревизија	210	20
Попис	78	8
Систем на интерни контроли за набавки и плаќања	106	10
Координација и хармонизација	1	0

ВКУПНО I	**1034**	**100**
Системски слабости	58	
Нагласување на прашања за неизвесност	50	
Наоди кај ревизии на успешност	89	
ВКУПНО II	**1231**	

Во продолжение се дадени два поединечни прегледи на наоди и тоа преглед на наоди во ревизиите на финансиските извештаи и усогласеност и преглед на наоди во ревизиите на успешност/ ревизија на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија.

ПРЕГЛЕД НА НАОДИ (во ревизиите на финансиските извештаи и ревизии на усогласеност)		
	Констатирани наоди	
Вид на наод	**Број**	**%**
Наоди по однос на неусогласеност со законска регулатива и прописи	50	36
Наоди кои се однесуваат на финансиските извештаи	57	40
Наоди во системот на интерни контроли	14	10
Наоди кои се однесуваат на користење на средствата спротивно на законските прописи	9	6
Наоди кои се однесуваат на јавните набавки	10	7
Наоди кај ИТ	1	1
ВКУПНО I	**141**	**100**
Системски слабости	58	
Нагласувања на прашања за неизвесност	50	
ВКУПНО II	**249**	

ПРЕГЛЕД НА КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ (ревизии на успешност/ЗЈВФК)		
	Констатирани наоди	
Вид на наод	**Број**	**%**
Правна рамка и стратешки документи	78	9
Финансиско управување и контрола	390	44
Внатрешна ревизија	210	23
Попис	78	9
Наоди кои се однесуваат на јавните набавки	30	3
Систем на интерни контроли за набавки и плаќања	106	12
Координација и хармонизација	1	0
ВКУПНО	**893**	**100**

ЈАВНИ НАБАВКИ

Во текот на 2014 година, Државниот завод за ревизија во рамките на вршењето на планираните ревизии, ги ревидираше и јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на јавните набавки, констатирани се 40 наоди и ги опфаќаат следните нерегуларности, односно поднаоди:

Р. бр.	Вид на поднаод	Број на поднаоди	%
1	2	3	4
1.	Невоспоставени/неправилно воспоставени процедури/контролни системи за постапување на комисијата за јавни набавки при спроведување на ЗЈН	11	8
2.	Слабости/не функционирање/непочитување на воспоставените процедури/контролни системи за правилно постапување на комисијата за јавни набавки при спроведување на ЗЈН	4	3
3.	Не спроведени постапки за јавни набавки/извршена набавка пред склучување на договорот за ЈН/извршени набавки по стари договори од минати години	15	11
4.	Слабости во фазата на планирањето на ЈН (вид на набавки, избор на соодветна постапка, планирани количини, динамика, планирани финансиски средства, доставување на планот до Бирото за јавни набавки, измена и дополнување на планот и сл.)	12	8
5.	Слабости во фазата на донесување на одлука за ЈН	4	3
6.	Тендерска документација која не ги содржи елементите пропишани со ЗЈН	5	4
7.	Утврдени критериуми за доделување на договор за ЈН кои не се во согласност со ЗЈН	8	6
8.	Слабости при евалуација на понудите, рангирањето, давање предлог за избор на најповолен понудувач, погрешен предлог за избор на најповолен понудувач и сл.	5	4
9.	Слабости во фазата на склучување на договори со избраните понудувачи (не склучени договори со избраниот понудувач; склучени договори со цени, услови и останати елементи различни од понудените; потпишување на договорите во рок пократок од законски предвидениот и сл.)	12	8

10.	Слабости во фазата на реализација на склучените договори по ЈН (гаранции, цени, количини, услови за плаќање и др. услови различни од дефинираните со договорот)	7	5
11.	Реализација на договорите над договорениот износ (надминување на договорениот износ /планираните финансиски средства)	6	4
12.	Невоспоставени процедурите за следење на реализацијата на договорите во целост како од квантитативен така и од квалитативен аспект	3	2
13.	Не постапување по воспоставените процедури за следење на реализацијата на договорите во целост како од квантитативен така и од квалитативен аспект	2	1
14.	Делење на набавките/заобиколување на постапките за ЈН пропишани со закон	4	3
15.	Несклучени анекс договори / склучување на анекс договори кои не се согласно законските одредби	4	3
16.	Слабости од технички карактер при подготвувањето на документацијата/досиејата за спроведената ЈН (неуредни и нецелосни евиденции/досиеја, непотпишани/нецелосно потпишани записници/извештаи/прегледи, математички грешки и сл.)	4	3
17.	Назначено/и лице/а во единица за ЈН, без да поседува/ат потврда за положен испит за ЈН	6	4
18.	Останати неправилности	30	20
	Вкупно:	**142**	**100**

РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА

Согласно поставените цели во ревизорските извештаи, изразени се мислења за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Во ревизорските извештаи за финансиски извештаи за 2014 година, изразени се: 26% - мислења без резерва (позитивни мислења); 45% - мислења со резерва; 22% - неповолни мислења и 7% - воздржување од давање на мислење.

За усогласеност со закони и прописи: изразени се: 22% - мислења без резерва (позитивни мислења); 39% - мислења со резерва; 39% - неповолни мислења, додека во ревизорските извештаи воздржување од давање на мислење за усогласеност со закони и прописи не е изразено.

Подолу е даден преглед на изразени мислења со структура - за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2013 година, содржани во ревизорските извештаи во 2014 година.

Преглед на изразени мислења за финансиски извештаи и за усогласеност со закони и прописи во 2014

Ревизорско мислење	финансиски извештаи		усогласеност со закони и прописи	
	Број на извештаи	%	Број на извештаи	%
Мислење без резерва (позитивно)	7	26	7	22
Мислење со резерва	12	45	12	39
Неповолно мислење	6	22	12	39
Воздржување од давање на мислење	2	7	0	0
Вкупно	**27**	**100**	**31**	**100**

Структура на изразени мислења за финансиски извештаи



Структура на изразени мислења за усогласеност со закони и прописи



Во продолжение е дадена структура на изразени заклучоци за „Ефикасност и ефективност на системот за финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија“ кои произлегоа од ревизиите на успешност извршени во рамките на Годишната програма за работа на ДЗР за 2014 година.

Структура на изразени заклучоци за ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија



ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ПО ДАДЕНИТЕ ПРЕПОРАКИ ВО РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Покрај основната мисија на Државниот завод за ревизија како Врховна ревизорска институција навремено и објективно да ги информира носителите на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии, исто така целта на ревизијата е да упатува јасни и ефективни препораки, со што ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавните средства за унапредување на управувањето на истите.

Согласно Законот за државна ревизија, законскиот застапник на субјектот е должен да го извести ДЗР и органот надлежен за надзор и контрола, за преземените мерки во врска со наодите и препораките во ревизорските извештаи, во рок од 90 дена од приемот на конечниот извештај.

Државниот завод за ревизија го следи спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи во рамки на вршењето на редовните ревизии, посебните ревизии и проверки на спроведување на препораките, како и преку примените информации од субјектите.

По извршените ревизии од Годишната програма за работа за 2014 година, Државниот завод за ревизија даде 833 препораки. До денот на подготовка на Годишниот извештај за 2014 година, за 292 дадени препораки не е изминат законскиот рок за известување за преземените мерки. Од вкупно 541 препораки за кои рокот за добивање повратни информации за спроведување е изминат, 353 се целосно или делумно спроведени, односно спроведувањето е во тек, што преставува 65% на постапување, 98 препораки не се спроведени (поврзани со други надлежни органи/надворешни фактори, или несогласувања), а една препорака не е спроведена поради изменети околности. За 89 препораки субјектот не дал повратна информација за преземени мерки, не се изјаснил или не доставил доволно информации за постапувањето по препораките.

Во следниот преглед се дадени податоци за статусните категории на преземените мерки по дадените препораки за 2014 година:

Опис	2014	
	Број	%
Препораки по кои е постапено / кои се целосно или делумно спроведени или се во тек	353	65
Препораки кои не се спроведени (поврзани со други надлежни органи - надворешни фактори, или субјектот не се согласува со нив)	98	18
Препораки кои не можат да се спроведат поради изменети околности	1	0
Препораки за кои субјектот не дал повратна информација за преземени мерки	89	17
Препораки за кои рокот од 90 дена за доставување повратни информации не е изминат	292	
ВКУПНО ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ	**833**	

Преземени мерки по препораките од годишната програма за 2014 година



За целите на континуирано следење на спроведување на препораките ДЗР и понатаму ќе ги користи различните пристапи за прибирање на информации за преземени мерки по дадените препораки преку кои се опфаќаат и препораките кои бараат подолг период за имплементација. Во функција на ваквите анализи САПРИ софтверот во кој се обработуваат податоците од конечните извештаи, како и повратните информации од ревидираните субјекти и надлежните органи овозможува следење на состојбите и подготовка на одредени компаративни анализи.

РЕВИЗОРСКИ АКТИВНОСТИ

ГЛАВНИ АСПЕКТИ ОД УТВРДЕНИТЕ СОСТОЈБИ СО РЕВИЗИЈАТА ВО 2014 ГОДИНА КАЈ ОСНОВЕН БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, фискалната стратегија, предлогот на стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика и приоритетите на општините се основа за подготвување на Буџетот на Република Македонија. Стратешките приоритети на Владата на Република Македонија се збир на цели и иницијативи, додека во фискалната стратегија се дефинираат целите и политиките за дејствување, а преку среднорочните макроекономски и фискални проекции се воспоставува врска помеѓу дефинираните стратешки приоритети и расположливите извори на финансирање. Со донесувањето на фискалната стратегија се обезбедува зајакната фискална дисциплина и соодветна алокација на расположливите средства во согласност со стратешките приоритети. Во текот на 2013 година, Владата на Република Македонија има донесено Фискална стратегија за период 2014-2016 година.

При утврдувањето на Предлогот на буџетот на Република Македонија, Министерството за финансии, применувајќи го принципот на буџетска рамнотежа, планирањето на приходите го врши во износи кои реално можат да бидат реализирани и на расходите во износи што се неопходни за финансирање на соодветен обем и квалитет на јавните добра и услуги.

Министерството за финансии, подготовката на Буџетот на Република Македонија, ја отпочнува со доставување инструкции во форма на **Буџетски циркулар** до сите буџетски корисници, со утврдени максимални износи на одобрени средства за секој буџетски корисник. Буџетскиот циркулар за 2015 година е модифициран, односно како составен дел се дефинирани обрасци за иницијален план за јавни набавки, план на систематизирани и пополнети работни места како и стратешките планови на буџетските корисници, што ќе придонесе за подобрување на процесот на планирање на Буџетот на Република Македонија.

Со извршената анализа на Основниот Буџет на Република Македонија за 2013 година, констатиравме дека **реализацијата** на вкупниот во однос на одобрениот буџет изнесува 96,13%, додека реализацијата кај одделни буџетски корисници е во различен процент.

Во Основниот Буџетот на Република Македонија за 2013 година остварени се приходи во износ од 138.159.205 илјади денари. Структурата на учество на пооделните видови приходи е следна:



Најголем дел од приходите се реализирани од наплата на **даночните приходи** и тоа во износ од 76.610.377 илјади денари односно 55,45% од вкупните приходи од основниот буџет. Извршивме ревизија на воспоставениот систем на интерни контроли во процесот на планирање, евидентирање и наплата на даночните приходи, за чие утврдување, управување и наплата е задолжена Управата за јавни приходи. Воспоставениот начин на планирање, евидентирање како и воспоставената комуникација на размената на податоците за наплатените даночни приходи помеѓу Министерство за финансии и Управата за јавни приходи овозможува висок степен на реализација на планираните приходи во Буџетот на Република Македонија.

Најголем дел од капиталните приходи кои се остваруваат во Буџетот на Република Македонија се приходи чија реализација, евиденција и контрола над спроведувањето се врши од страна на органите на државната управа, во рамки на нивните надлежности утврдени со закон. Извршивме ревизија во Министерство за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и во Министерството за транспорт и врски и тоа во делот на организационата поставеност и функционирањето на внатрешните контроли, планирањето, следењето на наплата и евиденција на капиталните приходи, при што утврдивме дека за капиталните приходи како приход на Буџетот на Република Македонија, воспоставена е евиденција на побарувањата за идни периоди согласно склучените договори во пооделните органи на државна управа како и воспоставена е размена на податоците за пресметани и очекувани, наплатени и ненаплатени приходи со сите органи на државна управа.

Функционирањето на Основниот буџет се врши преку одделни бази за трезорското работење и тоа базата за прилив на средства и базата на одлив на средства. Во рамките на Трезорската сметка, како посебни сметки во Трезорската главна книга, се водат сметките на буџетските корисници. Воспоставениот начин на функционирање и управување на трезорот со трезорската сметка и воспоставените контролни постапки овозможуваат навремено, целосно и точно евидентирањето на сите приливи и одливи на средства во Буџетот на Република Македонија.

Мислењето за користењето на буџетските средства од страна на буџетските корисниците, класифицирани во Буџетот на Република Македонија по раздели, го изразуваме во поодделните извештаи од извршените ревизии на овластените државни ревизори.

Во функција на навремена и целосна реализација на одобрените буџети, почнувајќи од 01.01.2014 година, со донесувањето на новото Упатството за начинот на трезорско работење, утврдено е воспоставување на евиденција на сите превземени обврски на буџетските корисници, односно евиденција за преземените повеќегодишни обврски и преземените обврски за тековната година. Со извршената надградба на трезорскиот информационен систем и имплементацијата на новиот модул за евиденција на преземени повеќегодишни обврски на буџетските корисници, се очекува поголема ефикасност во фазата на планирање, донесување и управување со буџетите, како и нивна навремена реализација.

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ И ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2014 ГОДИНА

Согласно Законот за финансирање на политичките партии и Изборниот законик, Државниот завод за ревизија во 2014 година ефективно го следеше финансиското известување на политичките партии, преку следење на процесот на поднесување на годишни финансиски извештаи, годишни сметки и извештаи од регистарот за донации. Исто така извршивме ревизија на финансиските извештаи за време на претседателските и вонредните парламентарни избори одржани во 2014 година, согласно Изборниот законик.

Согласно Законот за финансирање на политичките партии, во 2014 година до Државниот завод за ревизија беа поднесени вкупно 33 годишни финансиски извештаи, 32 годишни сметки и 33 извештаи од регистарот за донации, од вкупно 55 политички партии.

За политичките партии кои не ги исполнија своите обврски во делот на поднесување на финансиски извештаи за 2013 година, Државниот завод за ревизија поднесе предлог до министерот за правда кој врз основа на истиот донесе Одлука за запирање на редовно годишно финансирање од буџетот на овие политички партии. Ова имаше свое влијание во насока на тоа што по изрекувањето на забраната, определени политички партии ги поднесоа финансиските извештаи. Со одлуката првично беа опфатени 35 политички партии кои не ги исполниле обврските за финансиско известување за 2013 година, односно не доставиле извештај од регистар на примени донации, годишна сметка или годишен финансиски извештај, а од нив потоа (во периодот од 18.11.2014 до 13.02.2015 година) 13 политички партии ги исполнија условите и над истите е симната забраната, што значи 1/3 од вкупно поднесените финансиски извештаи биле резултат на претходно изречена забрана, што зборува за ефективно спроведена мерка на суспензија која што ја применил министерот за правда по предлог на ДЗР.

Во 2014 година беа одржани предвремени парламентарни и претседателски избори во Република Македонија. Финансиското известување за време на изборите, а согласно Изборниот законик, пропишува доставување на три извештаи со преглед на приходи и расходи направени за време на изборната кампања на организаторите на изборната кампања за нивните кандидати.

Организаторите на изборна кампања за време на претседателските и вонредните парламентарни избори финансиски известуваа, односно поднесоа прв, втор и вкупен извештај до Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Државната изборна комисија, кои пак од своја страна и согласно претходно меѓусебно потпишан меморандум за соработка и размена на информации за време на изборни циклуси, вршеа меѓусебна размена на информации за процесот на известување.

По завршувањето на изборните циклуси, согласно одредбите на Изборниот законик, Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на најзначајните организатори на изборна кампања, поточно, во законски утврдениот рок од денот на доставувањето на вкупните финансиски извештаи започна ревизија на истите со цел да добиеме ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на сметките на политичките партии и нивните коалиции се користени за намени утврдени со законските и подзаконските акти кои го уредуваат начинот на финансирање на изборните кампањи.

Со извршените ревизии, ги констатиравме следните состојби:

- не се презентирани податоци за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски со правните/физичките лица за користење на изнајмениот деловен простор (број, седишта на изборните штабови и начинот на нивно користење, со или без надомест),
- кај дел од политичките партии и коалиции не е воспоставен регистар на донации согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистар на донации за време на изборна кампања,
- кај една од политичките партии во финансискиот извештај не се евидентирани податоци за вкупните расходи кои се однесуваат на изборната кампања за предвремени парламентарни избори.

Во исто време истакнуваме дека постојат системски слабости за кои е потребно надлежните органи да преземат активности за нивно надминување:

- настојувањето донираните средства за изборна кампања да се поврзат со конкретен расход во пракса е применливо во случаи каде може да се лоцира конкретен расход, но не и кај физички и правни лица кои донираат парични средства,
- допрецизирање на начинот на затварање на сметката на изборната кампања, од причина што укинувањето на законската обврска за затворање на сметката за изборна кампања по исплатениот надомест на трошоци создава можност дел од обврските да се платат од извори кои не се наведени во Изборниот законик и оневозможува доследно почитување на обврската за вршење ревизија до завршување на трансакциите на таа сметка,
- дефинирање на известувачкиот период од кој може да се користат наплатените членарини на политичката партија за изборна кампања како и уредување на начинот на известување за наплатените членарини,
- усогласување на висината на глобата за прекршочна одговорност утврдена во Изборниот законик од една и Законот за спречување на корупција од друга страна,
- целосно уредување на траењето на изборната кампања пред се во услови кога се појавува поништување на гласање на одредени избирачки места и повторно прегласување, со цел јасно дефинирање на рокови за поднесување на финансиски извештаи утврдени со Изборниот законик.

Како резултат на утврдените системски слабости во претходниот период во текот на 2014 година надлежниот министер постапувајќи согласно одредбите на Законот за финансирање на политичките партии донесе Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на донации.

ОДБРАНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Националната одбранбена политика и доктрина се одредени и се базираат врз основните цели на безбедносната политика на Република Македонија и тоа:

- да ги заштитува животот и личната сигурност на граѓаните,
- да ја гарантира независноста и територијалниот интегритет на државата, политичките слободи, граѓанските и човековите права, вклучувајќи ги и правата на религиозните, етничките и другите малцинства,
- да ја гарантира материјалната благосостојба и просперитетот на граѓаните.

Министерството за одбрана има клучна улога во националниот одбранбен систем и согласно Законот за одбрана ја креира одбранбената политика, ги определува насоките за развој на долгорочните и среднорочните планови, менаџирањето со човечките, материјалните и финансиските ресурси и воедно е поддршка на Армијата на Република Македонија.

Националните одбранбени интереси се вредности и состојби кои директно произлегуваат од темелните вредности утврдени во Уставот на Република Македонија: зачувување на независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет и унитарниот карактер на државата како суштествена рамка за зачувување на државниот идентитет на Република Македонија и слободно негување и изразување на етничкиот и културниот идентитет на сите граѓани.

Со извршената ревизија во Министерството за одбрана утврдивме состојби за кои е потребно превземање на активности за нивно надминување и тоа:

- забрзување на постапката на прием, потврдување и доставување на документацијата до организационите единици заради нивно навремено евидентирање,
- состојбата на средствата евидентирани во деловните книги се непроменети во однос на минати години односно истите се наследени од формирањето на Армијата на Република Македонија,
- вршењето на пописот на средствата и нивните извори на крајот на годината потребно е да е целосен и усогласен,
- потребно е континуирано осигурување на градежните објекти и опремата,
- трошоците кои се исплатуваат на военото и цивилниот персонал при нивно упатување на школување, стручно оспособување, усовршување и специјализација, потребно е да бидат во рамки на законски предвидените средства,

- поголема ажурност во однос на раздолжувањето на исплатените аванси на вработените,
- ангажирањето на лица за консултантски услуги да се врши за работи и работни задачи кои не се предвидени како редовни обврски на вработените во министерството,
- да се направи анализа на временските рокови на важност на договори за закуп на недвижниот имот и по истекот на договорите да се обезбеди нивно враќање во владение на Министерството,
- избор на економските оператори и реализацијата на набавките да се врши согласно склучените договори за јавните набавки.

Министерството за одбрана континуирано учествува во мисиите и операциите предводени од ООН, НАТО и ЕУ. Во 2013 година Република Македонија активно учествувала во три меѓународни мисии. Ревизијата укажа на потребата од отпочнување на иницијатива за утврдување на даночниот третман на надоместоците кои ангажираните лица ги примаат за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката.

ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Работите од областа на: земјоделството, шумарството и водостопанството; користење на земјоделското земјиште, шумите и другите природни богатства; ловот и риболовот; заштитата на добитокот и растенијата од болести и штетници; следењето и проучувањето на состојбите со водите, одржувањето и подобрувањето на режимот на водите; хидромелиоративните системи; хидролошките и агрометеоролошките мерења, како и противградобијната заштита; проучувањето и истражувањето на метеоролошките, хидролошките и биометеоролошките појави и процеси, се во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Финансиските извештаи на министерството за 2013 година беа предмет на ревизија заедно со ревизија на усогласеност. Со извршената ревизија констатиравме повеќе состојби за кои во наредниот период надлежните лица треба да преземат дополнителни активности а пред се во делот на:

- воспоставување на интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на ефикасност и сигурност за да спречат ризик од несоодветно постапување со документите и несоодветно и комплетно презентирање на податоците во деловните книги;
- донесување на под законските акти утврдени во поодделните закони;
- вршење на целосен попис на средствата и обврските;
- воспоставување на целосна евиденција на материјалните средства, и обезбедување на веродостојни документи за истите;
- ажурно и целосно евидентирањето на обврските;
- воспоставување на уредна и точна евиденција за издаденото државно земјиште под закуп;
- воспоставување на сметководствена евиденција на побарувањата по основ на закуп на земјоделско земјиште;
- воспоставување на сметководствена евиденција на набавките и издавањето на залихата на контролни марки за брашно и испратници;
- начинот на користењето на службените моторни возила;
- извршување на програмите и
- доделувањето на договорите за јавни набавки.

Со извршената ревизија на преземените активности по дадените препораки од страна на овластениот државен ревизор содржани во конечните ревизорски извештаи, констатиравме дека надлежните лица имаат проактивен однос кон истите при што за дел од утврдените состојби се преземени мерки за надминување на истите додека за одредени состојби активностите се во тек.

ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Во 2014 година, Државниот завод за ревизија согласно Програмата за работа, изврши ревизија на финасиските извештаи за 2013 година со ревизија на усогласеност кај две единици на локална самоуправа, Кичево и Богданци.

Согласно одредбите од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија со спроведувањето на локалните избори во март 2013 година, се стекнуваат условите за престанок со работа на досегашните општини: Вранештица, Другово, Зајас и Осломеј и истите стануваат составен дел на Општина Кичево. Согласно законските одредби Општина Кичево била должна да ги преземе следните активности:

- до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија во рок од 60 дена од денот на настанувањето на статусна промена да се достават завршни сметки. Завршните сметки не се доставени во законскиот рок до Централниот регистар и Државниот завод за ревизија поради тоа што истите се усвоени од Советот на Општина Кичево на ден 27.08.2013 година,
- Општината чие подрачје го сочинуваат подрачјата на две или повеќе постојни општини (Кичево, Вранештица, Другово, Зајас и Осломеј), треба да го донесе Статутот на општината и актите за организација и систематизација на општинската администрација најдоцна во рок од 60 дена од денот на конституирањето на советот на општината (советот е конституиран на 05.03.2013 година),
- согласно законските одредби донесена е Одлука за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Кичево на ден 04.06.2013 година. Од страна на Агенцијата за државни службеници добиена е согласност на 09.07.2013 година, додека пак Статут на општината е донесен на 27.08.2013 година, што не е во согласност со одредбите од законот,
- Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Кичево не е донесен во рокот од 60 дена од денот на конституирањето на Советот на општината. Правилникот е изготвен и доставен во јуни 2014 до Агенцијата за администрација за добивање согласност. Исто така, до Владата на Република Македонија на 10.07.2014 година доставена е Програма за распоредување на државните службеници за добивање на согласност за трансформација на надлежностите кои до сега се извршуваа во рамки на општините Кичево, Зајас, Осломеј, Другово и Вранештица, а од 15.04.2013 ги извршува Општина Кичево. До денот на завршување на ревизијата согласностите не се добиени.

Со ревизијата утврдивме дека кај двете ревидирани општини не е воспоставен систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината.

Во Општина Кичево има донесено пишани процедури со надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при утврдување, наплата и контрола на пресметките за утврдување на локалните даноци и таксите меѓутоа, дел од утврдените слабости кои се констатирани за време на ревизијата укажуваат дека имплементацијата на истите не задоволува и дека донесените пишани процедури треба да се дополнат.

Во Општина Богданци нема донесено пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при утврдување и наплата на даноците на имот и комуналните такси.

Поради значителното отстапување на остварените приходи во однос на планираните, градоначалникот на Општина Богданци поднел предлог до Советот да се изврши ребаланс на буџетот, но советот не го прифатил ребалансот. Во Општина Кичево и покрај донесениот ребаланс на Буџетот има значително отстапување на планираните во однос на реализираните приходи и расходи, пред се кај надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и приходите од тековни и капитални трансфери од други нивоа на власт.

Во период кога Општина Богданци има блокирана сметка, спротивно на законските одредби, во текот на 2013 година дел од трансакциите се извршени со пресметка, компензации и цесии, односно не се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем.

Во Општина Кичево сеуште е актуелна состојбата со не извршеното целосно ажурирање на регистарот на недвижен имот од аспект на повторно вреднување на пазарната вредност на имотот за утврдување на данокот на имот.

Не се евидентираат навремено задолженијата/ побарувањата по основ на решенијата за комунална такса за фирма. За ненаплатените побарувања по овој основ во текот на 2013 и 2014 година не се преземени мерки на присилна наплата, што не е во согласност со законските прописи.

И кај двете ревидирани единици на локална самоуправа утврдени се слабости во делот на примена на законите и интерните акти што зборува за сеуште нецелосно усогласено работење со постојната законска рамка. Така, констатирани се исплати на средства без претходно донесени критериуми за користење и доделување средства за социјална заштита, невладини организации и културни и спортски манифестации. Отсуството на критериуми е предуслов за субјективност во одлучувањето за користење на средствата.

Присутна е појавата на неевидентирани нематеријални и материјални средства. Карактеристични се и наодите во делот на утврдените слабости кај пописите кои сеуште не се вршат согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Не се евидентираат во целост и преземените обврски на општините главно поради невоспоставени/односно непочитување на веќе пишаните процедури за движење на документацијата и разграничувањето на надлежностите и одговорности.

Кај Општина Богданци со увид во сметководствената документација врз основа на која се внесени податоците во деловните книги е утврдено дека истите не секогаш се засновани врз основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи. Имено при набавка на одредени стоки или извршени услуги не секогаш фактурите за набавка на одредена стока или услуга се поткрепени со уредна поткрепувачка документација од каде може да се утврди кој ја примил стоката, каде е извршена услугата, кој тврди дека услугата е извршена или каде се употребени или вградени набавените стоки.

Системски слабости

Во неколку годишни извештаи ги истакнувавме системските слабости кои се однесуваат на Законот за комуналните такси кои се актуелни и оваа година.

Во Законот за комуналните такси, пропишано е наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила, да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, не е пропишана обврска да ја известуваат општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно. Општините немаат податоци за бројот и видот на возилата по кубикажа. Ефектите од вака воспоставената пракса се рефлектираат на комплетноста и точноста на остварени приходи по овој основ, кои Општината ги евидентира во сметководство единствено како прилив без конкретни податоци за истиот.

Со цел да се обезбеди комплетност, точност, навременост и транспарентност во наплатата на сопствените приходи, ревизијата препорачува да се предвидат законски одредби кои ќе овозможат следење и контрола на навременото, комплетното и точното плаќање на комуналната такса за користење на улици со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила според категоризација на возилото и точно утврдување на пропишаната обврска за плаќање.

По основ на комунална такса за улично осветлување, општините во Република Македонија од страна на ЕВН Македонија АД Скопје не добиваат податоци за:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса.

И покрај склученио Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и ЕВН Македонија АД Скопје, од страна на ЕВН не се почитуваат договорените обврски од Меморандумот за доставување на горенаведените податоци и извештаи.

Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата препорачува законодавецот да изврши дополнување на законското решение во функција на надминување на истакнатите слабости.

Во делот - предмет на оданочување од Законот за комуналните такси, да се прецизира користењето на музиката во јавни локали и да се даде попрецизна дефиниција на јавни локали согласно Законот за угостителство.

Во делот на утврдување и наплата на комуналните такси да се изедначи застареноста со одредбите од Законот за данокот на имот каде е определена на 5 години.

НУ НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА



НУ Национална галерија на Македонија е јавна установа од областа на културата која врши јавни услуги во интерес на граѓаните и општеството. Националната галерија е една од единките корисници на средства од буџетот на Министерството за култура.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2013 година констатиравме дека кај Галеријата недоволно се преземени активности за воспоставување и функционирање на системот на интерни контроли во процесот на вршење на набавки и плаќања.

Деловните промени евидентирани во сметководствената евиденција не се прикажани хронолошки, односно точно не го одразуваат временскиот период на нивното настанување и не секогаш се евидентирани врз основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

Пописот на средствата и изворите на средствата со состојба на 31.12.2013 година не е извршен на начин како што е предвидено во законските и подзаконските акти.

Галеријата во сметководствената и внатрешната евиденција на недвижните ствари во државна сопственост што ги користат државните органи не ги евидентирала недвижните ствари дадени на користење.

За евидентирани уметнички дела, книги во библиотека и опрема на ревизијата не и е презентирана целосна аналитичка евиденција од каде може да се види дека сите предмети се евидентирани и во аналитичката и во синтетичката евиденција, дали одредени предмети се евидентирани само во едната евиденција или воопшто не се евидентирани.

Со цел подобрување на состојбата во Галеријата, ревизијата даде препораки до надлежните органи и служби за надминување на констатираните состојби.

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Македонската академија на науките и уметностите е највисока и самостојна научна и уметничка установа во Република Македонија, која е конституирана согласно Законот за Македонската акедемија на науките и уметностите во 1967 година и е јавна установа од особено значење за Републиката.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2013 година заедно со ревизија на усогласеност, дадовме препораки во функција на подобрување на воспоставениот систем на интерните контроли кај истата. За утврдените констатации кои се од сметководствен карактер за неизвршеното целосно евидентирање на обврските и побарувањата препорачавме евидентирањето на трансакциите во деловните книги да се врши на основа на комплетни, веродостојни и контролирани сметководствени документи.

За констатираните состојби во делот на јавните набавки препорачавме при спроведување на постапките за јавни набавки да се почитуваат принципите кои ќе обезбедат конкуренција, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и интегритет и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за јавни набавки.

РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

Во 2014 година извршивме 86 ревизии на успешност согласно Годишната програма за 2014 година, со кои беа опфатени 147 субјекти.

Сите извршени ревизии на успешност се однесуваат на оценки фокусирани на квалитетот и квантитетот на јавните средства и услугите во областите кај кои се утврдени значајни финансиски ризици и можности за социјални и системски подобрувања и креирани се индикатори со кои ревизијата ја исполни својата додадена вредност по однос на избраните активности.

1. Ефективност на Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во периодот 2011-2014 година

Почнувајќи од 2005 година во Република Македонија се одвива процес на фискална децентрализација кој се реализира во различни периоди со различен интензитет и во фази.

Во 2011 година, со исклучок на една општина, сите општини влегоа во втора фаза на фискална децентрализација.

Анализата на процесот на децентрализација, спроведена во 2011 година, покажа дека во областа на локалната самоуправа идните чекори треба да се насочат кон поттикнување на локалниот развој и следење на услови за поактивна, поефективна и поиновативна улога на локалните власти во остварувањето не само на националните, туку и на регионалните и глобалните цели за раст и развој. Поаѓајќи од потребата за ваков стратешки пристап Владата на Република Македонија ја усвои Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа 2011-2014 со која ќе продолжат да се реализираат дефинираните приоритети кои се насочени кон остварување на среднорочните цели, кои во фокусот го имаат граѓанинот.

Имајќи ги во вид сите овие активности и значајноста на овој процес се определивме за ревизија на успешност на тема **„Ефективност на Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија 2011-2014 година.“**

Со ревизијата се насочивме првенствено кон активностите од областа на фискалната децентрализација и активности од делот на правна и институционална рамка која се однесува на реализација на постапките за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес, оценка на откриените ризици и можности за подобрување на реализацијата на Програмата, односно кон остварување на среднорочните цели на Владата на РМ преку реализација на осмислени мерки да се поттикне подинамичен локален економски развој.

Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија за периодот 2011-2014 година, ги содржи главните стратешки цели кои се однесуваат на поттикнување на локалниот економски развој, а нивната реализација е предвидена во документ - Акциски план.

Со оглед на комплексноста на Програмата, а со цел поедноставување на реализација на истата во документот - Акциски план предвидени се активности по проекти чија реализација води кон остварување на поставените цели предвидени во Програмата. Со програмата и акцискиот план не се предвидени индикатори за следење и еваулација на поставените цели односно добивање на квалитативни податоци, што има влијание на начинот на мерење на успешноста и реализацијата на истата.

Респектирајќи ги досега преземените мерки и активности во делот на реализацијата на Програмата за децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија за 2011-2014 во делот на фискалната децентрализација, се постигнати следните резултати:

- зголемена стапка по основ на приходи од ДДВ која во овој период се движи од 3,7% до 4,5%;
- зголемено учество на општините во приходите по основ на продажба и закуп на градежно земјиште во однос 20% : 80% за општините и
- пренесената надлежност за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Македонија, се во функција на намалување на фискалните диспаритети и подобрување на фискалните капацитети на општините.

Имајќи ги во предвид споменатите состојби како и фактот дека е постигнат напредок во делот на фискалната децентрализација во иднина главните предизвици треба да бидат во правец на подобрување на состојбите во делот на финансирањето на единките корисници од одделни области, територијалните противпожарни единици, надминување на слабостите во делот на управувањето со градежното земјиште се во функција на изградба на економски посилни и развојно ориентирани општини.

Заради подобрување на утврдените состојби, дефиниравме препораки кои се резултат на спроведената ревизија, а се дадени во функција на подобрување на остварувањата на целите за локален економски развој во насока на преземање на конкретни активности од страна на сите учесници вклучени во натамошниот развој на локалната самоуправа и постигнување на поголеми ефекти. Истите препораки се и наша додадена вредност од извршената ревизија,

а се однесуваат на: Министерството за локална самоуправа како севкупен координатор на активностите за следење и евалуација на резултатите на програмата, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и другите надлежни министерства, Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините и единиците на локална самоуправа.

2. Ефикасност на мерките за обезбедување на квалитетот на воздухот во Република Македонија

Квалитетот на воздухот е важно прашање кое е суштински поврзано со јавното здравје, економијата и животната средина. Лошиот квалитет на воздухот може да предизвика влошување на здравјето, како и нарушувања на екосистемите и проблеми со посевите. Со тоа се предизвикува огромна економска штета за државата изразена преку намалена продуктивност на работната сила и влошување на состојбата во животната средина.

Нашата ревизија беше насочена кон повеќе откриени ризици кај споменатите области кои генерално се однесуваа на давање одговор на следното прашање:

„Дали досегашниот степен на имплементација на мерките за обезбедување на квалитетот на амбиентниот воздух во Република Македонија значи негово подобрување и нивното влијание врз намалување на ефектите од загадување“?

Со ревизијата се насочивме првенствено кон активностите од областа кои се во надлежност на повеќе институции и тоа: Министерството за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина, Државниот инспекторат за животна средина, органи во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, Институтот за јавно здравје, Центри за јавно здравје, единици на локална самоуправа – Сектор за животна средина и Сектор за инспекциски надзор, односно кон институции кои имаат делокруг на работа поврзан со предметот на ревизијата.

Нашата ревизија ја насочивме кон откриените ризични области како и кон прашања поврзани со областа/медиумот воздух:

- управување со квалитетот на амбиентниот воздух;
- имплементација на мерките за подобрување на квалитетот на воздухот предвидени во планските документи согласно Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, како и мерките предвидени со заклучоците на Влада на РМ;
- услови за имплементирање на мерките за заштита и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и
- ефекти од мерките и нивното влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за ефикасноста на мерките за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, примената на законската и подзаконската регулатива во областа, координацијата помеѓу институциите кои се надлежни за областа,

спроведување на стратешките плански документи, финансирање во областа и известување за начинот на кој се спроведува надзорот и контролата од страна на надлежните институции, условите кои придонесуваат за функционално и ефикасно исполнување на нивните законски обврски.

Респектирајќи ги досега преземените мерки и активности и постигнати резултати во делот на донесување на Планските документи, сметаме дека во периодот опфатен со ревизијата во Република Македонија преземените мерки и активности не се доволни да се создадат услови за долгорочна политика за подобрување на квалитетот на воздухот, а досегашниот степен на имплементација на мерките за обезбедување на квалитетот на воздух не обезбедува подобрување и не влијае врз намалување на ефектите од загадувањето.

Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух може да се постигне доколку се обезбеди: управување со квалитетот на амбиентниот воздух, целосен мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии, комплетен информативен систем, финансирање на мерките за медиумот воздух согласно условите предвидени во Законот за квалитетот на амбиентниот воздух како и спроведување на инспекцискиот надзор според одредбите од истоименио закон.

Заради подобрување на утврдените состојби, дефиниравме препораки кои се резултат на извршената ревизија и се дадени во функција на имплементација на мерките за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во Република Македонија:

- Министерството за животна средина и просторно планирање, да преземе активности насочени кон ставање во функција на сите мониторинг станици и нивно редовно сервисирање, обезбедување на податоци од подвижните извори на загадување, а во зоните и агломерациите каде што нема мерења да се користат репрезентативни мерења;

- изготвување на Годишна Програма за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух со цел подобрување на функционирањето на Државниот автоматски мониторинг систем;
- ажурирање на Катастарот на загадувачи на воздух, кој е регистар на податоци и информации за квантитативна и квалитативна евиденција на загадувачите и изворите на загадување кои емитираат загадувачки супстанци во воздухот;
- да се изнајде соодветна форма на финансирање на мерките предвидени во планските документи, преку предвидување на надоместоци/такси за заштита на животната средина кои ќе бидат предвидени во законската регулатива или преку поединечни програми во Буџетот на РМ.
- Државниот инспекторат за животна средина да преземе активности во насока на зајакнување на инспекцискиот надзор преку примена на одредби од Законот за квалитетот на амбиентниот воздух при вршење на инспекциски надзор над инсталациите кои емитуваат загадувачки супстанци во воздухот.

3. Ефикасност на преземени мерки политики и активности за управување со објекти за одмор и рекреација на деца во Република Македонија

Управувањето со објектите за одмор и рекреација на деца во Република Македонија, како и начинот на вршење на дејноста се уредени со Законот за заштита на децата, Законот за установите и Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика и се остварува преку обезбедување на определени права, средства и облици за заштита на децата. За обезбедување на заштита на децата се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето.

Дејноста на заштита на децата е од јавен интерес и во обезбедување на заштитата на детето и неговите права покрај родителите, семејството, старателите на децата и згрижувачкото семејство, вклучени се и установите за деца, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци, државни институции и институции на единиците на локалната самоуправа, организации и други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање поддршка и помош на децата.

Облици на заштита на децата се:

- згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст;
- одмор и рекреација на деца и
- други облици на заштита.

Заштитата на децата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

Децата имаат потреба од посебна заштита и грижа, при што одморот и рекреацијата на децата претставува еден од облиците на заштита на децата согласно законската регулатива и право кое е определено во Конвенцијата за правата на детето.

За да се осознаат состојбите во делот на преземените мерки, политики и активности од страна на надлежните институции одговорни за управувањето со објектите за одмор и рекреација на децата во Република Македонија како еден од условите за реализација на дејноста одмор и рекреација извршивме ревизија на успешност:

„Ефикасност на преземените мерки, политики и активности за управување со објектите за одмор и рекреација на децата во Република Македонија“.

Со ревизијата на успешност, констатирани се состојби кои имаат влијание на ефикасноста на преземените мерки и активности за управување со објектите за одмор и рекреација на децата во Република Македонија:

- недоволен и несоодветен опфат на дејноста: одмор и рекреација на децата во стратешките документи и програми кои ја регулираат оваа дејност;
- отсуство на мрежа на детски одморалишта на територијата на Република Македонија, како и невоспоставен Централен регистар на установи за одмор и рекреација на деца од страна на надлежното министерство;
- објектите за одмор и рекреација на децата кои се уште се користат за таа намена подолг период не се реновирани, а останатите или се одобрени да се користат за друга цел или се запуштени, руинирани и не се во употребна состојба;
- финансиските средства за реновирање и опремување на објектите за одмор и рекреација на деца не се доволни и не се воспоставени критериуми за распределба на средствата по корисници;
- не се почитувани законските одредби и не се воспоставени нормативно - правни предуслови за работа на објектите - детски одморалишта кои ја вршат дејноста одмор и рекреација на деца;

- недоволна кадровска екипираност во организационата единица одговорна за надзор и неизвршен стручен и инспекциски надзор во установите за одмор и рекреација на децата.
- несоодветна институционалната соработка во однос на управувањето со објектите за одмор и рекреација на деца.

Со цел да дадеме свој придонес со ревизијата на успешност од аспект на зголемување на свеста на надлежните институции и јавноста за потребата од постоење на објекти за одмор и рекреација на деца, подобрување на состојбата при креирање, донесување и реализација на мерки, политики и конкретни проекти за управување со објектите, дадени се поголем број на препораки до надлежните органи, со чија имплементација треба да се надминат утврдените состојби.

4. Набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи, влијанието врз нивното работење и здравствената заштита на граѓаните

Здравствената дејност е дејност од јавен интерес и се врши на примарно, секундарно и терцијално ниво на здравствена заштита во мрежата и надвор од мрежата на здравствени установи.

Република Македонија е надлежна за остварување на здравствената заштита во мрежата на здравствени установи, под услови утврдени со Законот за здравствена заштита.

Набавката на медицинска опрема, обезбедување на просторни услови за истата, едукацијата на вработените во Јавните здравствени установи и навременото ставање во употреба на наведената опрема преставуваат основни предуслови за добивање на услуги според највисоки стандарди и воедно скратување на времето на чекање за добивање здравствена заштита, навремено дијагностицирање на болестите, намалување на просечното време за лекување на пациентот итн.

Средствата за набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РМ, секоја година се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и се утврдени во потпрограма 1Б-Набавка на нова медицинска опрема. Износот на планираните и реализирани средства за набавка на медицинска опрема за периодот 2010 - октомври 2014 година, табеларно и графички прикажан по години е како што следува:



За да се осознаат состојбите во делот на преземените мерки, политики и активности од страна на надлежните институции одговорни за здравствената дејност во Република Македонија со посебен осврт на набавката на медицинската опрема, обезбедување на просторни услови за истата, едукацијата на вработените во Јавните здравствени установи и навременото ставање во употреба на наведената опрема извршивме ревизија на успешност на тема:

„Имплементација на проектните активности за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи, влијанието врз нивното работење и здравствената заштита на граѓаните“.

Со ревизијата на успешност, констатирани се состојби кои имаат влијание на ефикасноста на преземените мерки и активности за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи, нивното работење и здравствената заштита на граѓаните и тоа:

- недоволна кадровска пополнетост, особено во одделенијата (одделение за утврдување на потреби, планирање, водење евиденција и следење на состојбата со медицинската опрема во здравствените установи, определување приоритети за набавка и одделение за координација на јавните набавки), упатуваат на потешкотии и можни слабости во планирање на потребите за медицинска опрема, приоритетите за набавка на медицинска опрема по ЈЗУ, следење на реализација на договорите за јавни набавки, тековно водење и следење на евиденцијата на набавената опрема;
- недоволно обезбедени средства за сервисирање на договорените обврски и одлевање на средства на име камати за нередевно сервисирање на обврските по основ на дел од набавената опрема;
- ставањето во функција на дел од набавената медицинска опрема е во непосредна поврзаност со одредени градежни активности кои влијаат на продолжување на рокот на

ставање на опремата во функција без разлика што истата е набавена. Ваквата состојба создава ризик од истекување на гарантниот рок на дел од медицинската опрема пред да биде ставена во употреба;

- новонабавената медицинска опрема преставува предизвик за дел од вработените во јавните здравствени установи која бара осознавање на нови техники и методи во медицината, нови знаења и искуства од персоналот кој ќе ја користи како и доволен број на едуциран персонал. Затоа ЈЗУ имаат потреба од дополнителен стручен кадар (доктори) за работа со ангиографите во јавните здравствени установи каде е набавен овој апарат.

Со цел да се даде придонес со ревизијата на успешност за зголемување на ефективноста и ефикасноста од примената на медицинската опрема, до надлежните органи упатени се препораки, со чија имплементација треба да се надминат утврдените состојби.

5. Гранични премини во Република Македонија

Граничните премини за патен сообраќај во Република Македонија имаат значајна улога во економскиот развој на Република Македонија. Имајќи ја во предвид потребата од олеснување на движењето на патниците и стоките, со отстранување на тесните грла во инфраструктурата на граничните премини преку подобрување на квалитетот и ефикасноста на патните услуги, со подобрување на деловното окружување преку вложување во сообраќајната инфраструктура и зголемување на регионалната соработка, со забрзување на протокот на возила и патници, се наметна потребата од спроведување на ревизија на успешност на тема **„Услови за функционирање на граничните премини во Република Македонија”**, со цел да дадеме оценка за условите за функционирање на граничните премини за патен сообраќај во Република Македонија.

Со ревизија го опфативме периодот од 2012-2014 година, кој се карактеризира со:

- преземени политики, мерки и активности во насока на подобрување на организацијата на работата и управувањето со објектите на граничните премини за патен сообраќај,
- учество во хармонизацијата на националното законодавство со законодавството на Европската Унија,

- подобрување на инфраструктурата за спроведување на царинските постапки, како и унапредување на административните постапки со интерни процедури за постапување,
- унапредување и надградба на софтверските решенија со кои се забрзуваат царинските постапки,
- регулирање на сопственоста на објектите и земјиштето на граничните премини,
- мултилатерна соработка со другите земји, врз основа на склучени меѓународни договори,

што придонесува за подобрување на условите за извршување на активностите на граничните премини во државата.

Постигнат е значителен напредок во оваа област, со зголемување на ефикасноста во функционирањето на граничните премини за патен сообраќај во Република Македонија, но сепак постојат одредени области во кои е потребно да се преземат дополнителни активности за управување, уредување и одржување на објектите на премините.

6. Ефикасност на мерките, политиките и проектите за подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови

Студентските домови како установи за студентскиот стандард, се основаат за остварување на интересите и потребите за престој на студентите кои студираат надвор од местото на живеење. Основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во студентските домови е дел од системот на образованието на студентите во Република Македонија.

Унапредувањето со квалитетот на воспитно-образованиот процес во Република Македонија е еден од приоритетите на Владата на Република Македонија, со цел да се обезбедат еднакви услови за сите студенти во Република Македонија.

Со извршената ревизија на државните студентски домови во Република Македонија ги утврдивме следните состојби:

- потреба од изработка на сеопфатна анализа со цел утврдување на состојбата во која се наоѓаат студентските домови во Република Македонија, потребите, барањата и приоритетите на секој студентски дом поединечно,
- воведувањето на регистар на студентски домови ќе придонесе за формирање на единствена база на податоци за сите студентските домови во Република Македонија,
- потреба од софтвер за евиденција на студенти кои престојуваат во државните студентски домови, кој ќе придонесе за воспоставување на систем со сеопфатни податоци,
- можност за распишување на отворен конкурс за прием на студенти заради олеснување

на постапката за прием и сместување, како и за целосно исполнување на сместувачките капацитети,

- продолжување на активностите за запишување на правото на сопственост и користење, со цел дефинирање на просторните капацитети со кои располагаат студентските домови,
- превземени се голем број активности за реконструкција и надградба на постоечките како и изградба на нови објекти, со кои е подобрен квалитетот на услугите за сместување во дел од државните студентски домови.

Респектирајќи ги досега превземените мерки и активности и постигнатите резултати на надлежните институции за подобрување на квалитетот на сместувањето во државните студентските домови во Република Македонија, сметаме дека со зајакнување, подобрување, надградба на постоечките институционални, кадровски, финансиски и материјално технички капацитети, со подобрување на взаемната комуникација, соработка и координација помеѓу надлежните институции, ќе се зголемат можностите и условите за обезбедување на поквалитетни услуги за сместување на студентите во студентските домови како и за подобрување на севкупните состојби во наведената област.

7. Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија

Системот на јавна внатрешна финансиска контрола го опфаќа финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија и нивната хармонизација, воспоставен согласно меѓународните стандарди за внатрешна контрола и внатрешна ревизија.

Имајќи ги во предвид значењето и придобивките на овој систем Државниот завод за ревизија согласно Годишната програма за работа за 2014 година изврши ревизија на успешност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија (во понатамошниот текст: ФУК и ВР) со цел да даде оценка за ефикасноста и ефективноста на воспоставениот систем на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија вклучувајќи ја и координацијата на развојот, воспоставувањето, спроведувањето и одржувањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола (хармонизација и надзор на ФУК, хармонизација и надзор на ВР и подготвување и донесување на подзаконски акти, прирачници и насоки). Со оваа ревизија беа офатени 80 субјекти и за секој субјект се изработи посебен ревизорски извештај и дадени се препораки за подобрување на наведениот систем.

Со ревизијата на успешност констатиравме ризични области кон кои ја насочивме ревизијата со цел да дадеме одговор на ревизорските прашања кои се однесуваат на овој процес. Основната ревизорска цел беше поставена во следното прашање:

„Дали се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, вклучувајќи ја хармонизацијата и надзорот над истите и подготвување и донесување на подзаконските акти, прирачници и насоки“.

Со анализата на законската регулатива и подзаконските акти, извршената ревизија кај субјектите предмет на ревизија, произлегоа неколку значајни подрачја во делот на функционирањето на овој систем кои беа предмет на анализирање.

Како резултат на извршената ревизија на успешност, констатиравме одредени состојби, презентирани во подолу наведените области:

Правна рамка и стратешки документи

Во рамките на оваа ризичната област се фокусиравме на детектирање на евентуални слабости и потенцијални ризици во законската регулатива кои се однесуваат на работењето на субјектите предмет на ревизија, а може да имаат влијание врз воспоставувањето и функционирањето на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија.

Ценејќи го фактот дека субјектите предмет на ревизија извршуваат различни дејности и надлежности, се постави прашањето дали истите се опфатени со законските акти во делот на ФУК и ВР.

Со извршената ревизија утврдивме дека постои неусогласеност помеѓу одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (во понатамошен текст: ЗЈВФК) и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор (во понатамошниот текст: стандардите) во делот на опфатот (воспоставувањето) на финансиското управување и контрола кои се објавени врз основа на членот 13 од истиот закон и се на сила во Република Македонија. Имено, согласно одредбите на ЗЈВФК, финансиското управување и контрола се воспоставува кај буџетските корисници од законодавната, извршната и судската власт, фондовите, општините и градот Скопје, при што во членот 4 изоставени се јавните претпријатија и акционерските друштва во доминантна сопственост на државата (субјекти од јавниот сектор) како субјекти кои се должни да воспостават систем на финансиско управување и контрола. Од друга страна во објавените стандарди не е направено вакво разграничување на субјекти кои имаат обврска за воспоставување на систем на финансиско управување и контрола и истите се однесуваат на сите субјекти од јавниот сектор вклучително и јавните претпријатија и акционерските друштва во доминантна сопственост на државата. Како резултат на погоре наведеното, јавните претпријатија и акционерските друштва немаат законска обврска да постапат по одредбите на ЗЈВФК, со исклучок на одредбите кои се однесуваат на формирање на Единица за внатрешна ревизија.

Имајќи во предвид дека субјекти од јавниот сектор се корисниците на средства од Буџетот на Република Македонија, фондовите, општините и градот Скопје, агенциите и другите институции основани со закон, јавните претпријатија, јавните установи и другите правни лица кои се во државна сопственост или во кои државата е акционер, чие основање се врши со цел да извршуваат дејности од јавен интерес, притоа почитувајќи ги принципите на сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата и транспарентност во работењето, надлежните органи и раководителите на јавните претпријатија и акционерските друштва преземале дел од потребните активности за воспоставување на систем на интерни контроли насочени кон остварување на целите на друштвата.

Еден од можните критериуми за воспоставување на систем на интерни контроли во работењето на јавните претпријатија и акционерските друштва претставува Законот за стандардизација, со кој се уредуваат меѓу другото целите и принципите на македонската национална стандардизација, подготвувањето, усвојувањето и објавувањето на македонските национални стандарди и нивната примена како и македонскиот стандард „Систем за менаџмент со квалитет - Барања“ (ISO 9001:2008), кои се применуваат на доброволна основа.

Надлежните органи и раководителите на субјектите предмет на ревизија, согледувајќи ја користа од воспоставувањето на интерните контроли во однос на законитото и транспарентното работење, во најголем дел пристапиле кон донесување на:

- **стратешки планови** со кои ги утврдуваат визијата и мисијата на субјектот предмет на ревизија како и стратешките цели, активностите кои се потребни да се преземат во даден временски период, насочени кон остварување на утврдените цели, освен кај дел од акционерските друштва и јавните претпријатија каде изостануваат активности за изработка на стратешките планови;
- **годишни програми** за работа со кои ги утврдуваат активностите кои е потребно да се преземат во годината за која се однесува програмата;
- **извештаи за работењето** на субјектите во кои се содржани неопходните информации за активностите кои се спроведени во известувачкиот период како и резултатите кои се остварени, освен кај дел од јавните здравствени установи каде не се преземени активности за изработка на наведените извештаи.

За делот на преземените активности и оние кои е потребно да се преземат во понатамошниот период од страна на одредени субјекти предмет на ревизија во делот на стратешкиот документ за управување на ризиците, подетално е елаборирано во делот Управување со ризици.

Во делот на донесувањето на статутот и актот за организација и систематизација на работните места кај **јавните здравствени установи**, активностите се условени со донесување на подзаконски акт од надлежниот министер. Имено согласно одредбите на член 91 од Законот за здравствена заштита, надлежниот министер на ден 05.09.2014 година донел Правилник за делокругот на работата на внатрешните организациони единици и минималниот број извршители по внатрешни организациони единици во зависност од видот на дејноста што ја врши здравствената установа, а согласно со начелата на достапност, рационалност, ефикасност и континуираност на здравствената заштита. Оваа состојба има влијание на навременото преземање на активности за донесување и усогласување на наведените акти кај јавните здравствени установи.

Погоре наведените состојби упатуваат на констатацијата дека надлежните органи за управување и раководење во најголем дел ги презеле потребните активности за утврдување на стратешките цели и активности, но во наредниот период треба да се пристапи кон усогласување на актите за работа (Статутот и Правилникот за внатрешна организација и систематизација) кај јавните здравствени установи, изготвување на извештаите за работење и донесување на стратешките планови.

Финансиското управување и контрола

Во рамките на ризичната област која ги третира прашањата од областа на **финансиското управување и контрола**, ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со компонентите:

- Контролна средина,
- Управување со ризиците,
- Контроли,
- Информации и комуникации,
- Мониторинг.

Контролна средина

Согласно член 13 и член 14 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, основа на целокупниот систем на внатрешна контрола е контролната средина, која треба да обезбеди дисциплина и структура и ја создава атмосферата во правниот субјект, влијаејќи на контролната свест на вработените. Таа има општо влијание врз тоа како се утврдуваат стратегиите и целите и како се структурирани контролните активности. Оваа компонента го вклучува ставот на менаџментот на сите нивоа, во однос на целокупното работење и конкретно во однос на концептите на контролата.

Одговорност за создавање на ефикасно контролно опкружување има раководителот на субјектот.

Основни елементи на контролното опкружување се:

- Личниот и професионалниот интегритет и етичките вредности на раководството и вработените;
- Компетентност – ниво на знаење и вештини потребно да се обезбеди уредно, етичко, економично, ефикасно и ефективно работење, како и добро разбирање на поединечните одговорности во однос на внатрешната контрола;
- Начин на размислување и стил на работење на раководителите – став за поддршка на внатрешната контрола и внатрешна ревизија;
- Организациска структура – поделба на надлежности, овластување, отчет, известување, посебна единица за внатрешна ревизија и
- Политики и практики за човечки ресурси – вработување и пополнување на потребните човечки ресурси, едукација, оценка и советување, унапредување и наградување на вработените.

Со извршената ревизија, спроведените интервјуа и снимањето на воспоставениот контролен систем кај субјектите предмет на ревизија, го констатиравме следното:

- освен кај Јавните здравствени установи и кај дел од акционерските друштва и јавните претпријатија, преостантите субјекти предмет на ревизија преземале активности за донесување на акт за организација и систематизација на работните места, со кои е извршено утврдување на организационите единици и бројот на извршители и нивните надлежности;
- во најголем број од субјектите формирана е посебна единица за финансиски прашања која е надлежна за вршење на работите од областа на финансиското управување и контрола предвидено со член 9 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- воспоставени се политики и практики за управување со човечки ресурси (вработување, унапредување, оценување, обуки), освен кај дел од јавните претпријатија, акционерски друштва и агенции, кои во наредниот период треба да преземат активности за пропишување на наведените политики;
- постапувањето во делот на назначување на раководител на единицата за финансиски прашања кај субјектите предмет на ревизија се движи во границите од 50%-88%, што упатува на констатацијата дека во наредниот период треба да се преземат активности за надминување на наведената состојба, со што ќе се создадат услови да се врши контрола на буџетот/финансискиот план, ex-ante финансиска контрола, контрола на извршување на утврдените политики и оперативно управување, сметководство како и други активности утврдени со член 11 од ЗЈВФК;
- донесувањето на планот за воспоставување на финансиското управување и контрола во наредниот период ќе преставува предизвик за поголемиот број на субјекти предмет на ревизија, поради тоа што 68% од буџетските корисници, 32% од единиците на локална самоуправа, 30% од единките корисници и 11% од јавните здравствени установи имаат донесено план за воспоставување на ФУК, а мал е бројот на субјекти кои преземале активности за донесување на наведениот акт во текот на ревизијата;
- Законот за воведување на систем на управување со квалитет и заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба, бара дел од субјектите да донесат процедури кои ќе бидат усогласени со барањата на стандардот ISO 9001:2008 стандард за управување со квалитет и воедно ќе обезбедат нивна сертификација од соодветно сертификационо тело. Постапувањето по наведените одредби од страна на субјектите предмет на ревизија е на различно ниво при што јавните претпријатија, акционерски друштва и агенции предначат со 67% постапување, буџетските корисници 52%, единките корисници 40%, единиците на локалната самоуправа со 37% и јавните здравствени установи со 22%, што упатува на потребата од преземање на дополнителни активности.

Врз основа на наведеното, ревизијата констатира дека надлежните органи и раководителите на субјектите предмет на ревизија во најголем дел ги превземале соодветните активности за воспоставување на контролна средина, но во исто време кај дел од субјектите постои потреба за продолжување со отпочнатите активности односно преземање на потребните активности за надминување на утврдените состојби.

По укажување на ревизијата од страна на надлежните органи и раководителите во текот на ревизијата превземени се одредени активности за изготвување на потребните акти, а пред се: план за воспоставување на финансиско управување и контрола и донесување на процедури согласно барањата на ISO 9001:2008 стандард за управување со квалитет.

Управување со ризиците

Согласно член 13 и член 15 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор значајна компонента на финансиското управување и контрола е управувањето со ризиците, кој претставува процес на утврдување и анализирање на релевантните ризици коишто можат негативно да влијаат на остварувањето на целите на организацијата и одредување на соодветни против мерки. Субјектите во обид да ја постигнат својата мисија и целите, треба да управуваат со ризиците коишто може да имаат влијание врз извршувањето на услугите и постигнувањето на посакуваните резултати.

Управување со ризиците опфаќа:

- **Утврдување на цели** - целите мора да се дефинираат пред раководството да може да ги утврди ризиците за нивно постигнување и да ги преземе потребните дејствија за управување со овие ризици;
- **Планирање** - целите треба да бидат производ на процесот на планирање, бидејќи ако целите не се јасно утврдени, вработените би можеле да работат неефикасно, неефективно и/или во меѓусебно спротивни насоки. Во тој контекст, субјектот треба да изготвува стратешки и годишни планови во коишто целите се соодветни на максимално расположливите ресурси, со што треба да се минимизира ризикот од неисполнување на целите;
- **Координација** - за обезбедување усогласеност и поврзаност, а заради постигнување на саканите цели, одлуките и активностите на организациските делови треба секогаш целосно да се координираат, при што вработените во организациските единици треба да ги имаат предвид последиците од нивните одлуки и активности врз институцијата во целина;
- **Следење на извршувањето** - субјектот за секоја политика и активност треба да обезбеди следење и оценување на извршувањето преку релевантни квантитативни и квалитативни индикатори, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на економичноста, ефикасноста и ефективноста;
- **Управување со ризикот** - за воспоставување ефикасен систем на внатрешни контроли врз основа на управувањето со ризикот, неопходно е да се донесе и редовно да се ажурира Стратегија за управување со ризиците. Со стратегијата треба да се утврдат можните ризици, да се оцени нивната важност, односно да се идентификуваат значајните ризици коишто можат да имаат негативно влијание на ефективноста и ефикасноста на активностите, почитувањето на правилата и регулативите, веродостојноста на финансиските и управувачките информации, заштитата на средствата, спречувањето и откривањето измами. Исто така со стратегијата треба да се утврди прифатливото ниво на

изложеност на овие ризици, да се процени веројатноста од појава на ризичен настан, како и да се процени влијанието на истиот, да се следат и оценуваат ризиците и да се утврдат соодветните внатрешни контроли за управување со ризиците.

Со извршената ревизија, разгледување на подзаконските акти и стратешките документи, спроведените интервјуа кај субјектите предмет на ревизија, го констатиравме следното:

- Со **стратешките, годишните и акциските планови** во кои се дефинирани целите на субјектите, нивно следење преку подготовка на прегледи за преземени мерки, како и донесување на акти со насоки за идентификација, анализа и оцена на ризиците и работни задачи кои треба да се преземат за намалување на штетните влијанија, кај субјектите кои беа предмет на ревизија, отпочнати се активностите за управувањето со ризици, како компонента на финансиското управување и контрола, детално елаборирано по субјекти во делот на правната рамка.
- Заради целосно утврдување и конципирање на политиката за управување со ризици, со која раководството јасно ќе го поддржи процесот за управување со истите, како и за определување на улогата и одговорноста на сите вработени во утврдувањето и управување со ризиците во работењето, најголем дел од субјектите кои беа предмет на ревизија, во текот на вршењето на ревизијата донесоа **стратегии за управување со ризиците**. Донесените стратегии за управување со ризици, ќе придонесат ризикот за појава на отстапувања во спроведувањето на целокупните активности да се сведе на минимално ниво и воедно ќе придонесе кон остварувањето на планираните цели.
- Со извршената ревизија **кај буџетските корисници** констатиравме дека кај 48% органите за управување и раководење имаат преземено активности во тек е донесување стратегии за управување со ризиците, со што се утврдува политиката за управување со истите, која состојба има поволно влијание на остварувањето на целите во субјектите. Кај 32% од буџетските корисници обврската за донесување на стратегии за управување со ризици е реализирана за време на ревизијата.

Во однос на потребата од вршење на систематска анализа на ризиците најмалку еднаш годишно, констатиравме дека кај 32 % од претходно наведените субјекти постои потреба од преземање на дополнителни активности за утврдување и анализа на променетите услови во работењето и усогласување на донесените стратегии за управување со ризиците, со што ризикот од неисполнување на целите ќе се сведе на минимално ниво.

- Кај најголем број од ревидираните **јавни здравствени установи** односно кај 78%, во делот на управувањето и менаџирањето на ризиците во работењето постои потреба од преземање на мерки и активности за анализа на ризиците поврзани со активностите, нивно рангирање како и донесување на стратегии за управување со ризиците, во функција на постигнување на целите на субјектите.
- Органите на управување и раководење кај најголем број од **единките корисници**, согледувајќи ја користа од проценка и контрола на можните настани или состојби кои може да имаат негативно влијание врз постигнувањето на целите, во текот на вршењето на ревизијата превземаа активности при што се донесени стратегии за управување со ризиците, заради обезбедување на разумно уверување дека нивните цели ќе бидат

остварени. Истакнуваме дека во случаите кога ризиците значително се менуваат, единките корисници имаат обврска донесените стратегии да ги ажурираат на секои три години, преку перманентно следење на утврдените ризици.

- Кај **единиците на локалната самоуправа** утврдувањето, проценката, следењето и преземањето на потребни мерки за намалување на можните настани или состојби кои може да имаат негативно влијание врз постигнувањето на нивните цели како и извршувањето на услугите со соодветен квалитет е активност која во иднина треба да биде предизвик за постапување на органите на раководење. Од ревидираните 19 единици на локалната самоуправа, кај 14 констатиравме отсуство на анализа на ризиците поврзани со нивните активности и недонесена стратегија за управување со ризиците.
- **Јавните претпријатија, акционерските друштва и агенциите** кои беа предмет на ревизија, во однос на управувањето со ризиците преземаа активности за превенција и нивно минимизирање и во текот на вршењето на ревизијата донесоа стратегии за управување со ризиците. Кај мал број на ревидирани субјекти активностите за донесување на актот за управување со ризиците е активност која ќе следи во наредниот период.

Погоре наведените состојби упатуваат дека активностите за управувањето со ризиците и мерките за минимизирање на нивното влијание врз процесите на работење кај субјектите се отпочнати, но упатуваат на потребата од нивно продолжување заради управување со појавите кои можат да имаат влијание и да предизвикаат отстапувања во спроведување на стратешките цели на субјектите. Перманентното следење на активностите утврдени во стратегии за управување со ризиците, во кои е содржана и политиката на управување со истите како и улогата и одговорноста на вработените, ќе придонесе за непречена реализација на целите на субјектот и зајакнување на системот на финансиското управување и контрола, како и донесување на потребните акти кај субјектите кои немаат превземено активности за нивна изработка.

Контроли

Согласно член 13 и член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, значајна компонента на финансиското управување и контрола се и контролите. Контролните активности се политики и постапки, воспоставени за справување со ризиците и постигнување на целите на субјектот. За да бидат ефективни, контролните активности мора да бидат соодветни, да функционираат постојано според план и да бидат сеопфатни, разумни и директно да се поврзани со контролните цели и да се воспоставени во сите процеси кај правните субјекти, на сите нивоа и кај сите функции.

Контролните активности опфаќаат различни политики и постапки:

- **Процедури** - субјектот треба да располага со пишани процедури, коишто треба да бидат сеопфатни, комплетни и јасни, класифицирани за важните активности, особено за економските операции, а воедно да бидат достапни до сите инволвирани вработени;

- **Овластување и одобрување** - за спроведување на финансиското управување и контрола раководителот на субјектот може да донесе акт за генерални или посебни овластувања;
- **Поделба на должностите** - за намалување на ризикот од грешка, загуба или погрешно постапување и ризикот од неоткривање, потребно е финансиските и оперативните елементи на секоја операција да се верификувани од две меѓусебно независни лица, при што функциите на иницирање и верифицирање на секоја операција, секогаш треба да бидат раздвоени, за да се обезбеди дека постојат ефективни проверки;
- **Контроли во пристап до ресурсите** - за обезбедување на контрола на пристапот и заштита и правилна употреба на материјалните, финансиските и информационите ресурси во субјектот потребно е да се назначат лица одговорни за пристап;
- **Надзор** - врз основа на претходно воспоставени процедури раководството на субјектот треба да воспостави мерки за надзор на операциите, вклучувајќи ex-ante и ex-post контрола, со цел трансакциите да се извршуваат на ефективен начин;
- **Усогласувања/Решавање на отстапувањата** – потребно е да се воспостави практика на редовно следење и усогласување на евиденциите со соодветните документи и
- **Контроли во информатичката технологија** – контролите на информатичката технологија се општи и апликативни и субјектот е одговорен за воспоставување на истите. Водењето на деловните/трговските книги, обработката на податоците и контролата на внесените податоци во информациските системи е уредено со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, Законот за трговските друштва и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Наведените одредби бараат навремено и хронолошко евидентирање на податоци во деловните/трговските книги, притоа обезбедувајќи:
    - контрола на внесените податоци;
    - исправност на внесените податоци;
    - чување на податоците;
    - можност за употреба на податоците;
    - можност за увид за состојбата и промените во деловните/ трговските книги.

Врз основа на спроведените интервјуа, снимањето на системот на воспоставените контролни активности кај субјектите предмет на ревизија, го констатиравме следното:

- Донесувањето на посебен **акт за давање на генерални и посебни овластувања** од страна на раководителите на субјектите, како активност на делегирање на надлежности е застапена кај поголем број на буџетски корисници, јавни здравствени установи, единиците на локалната самоуправа и кај јавните претпријатија, акционерски друштва и агенции;
- Субјектите предмет на ревизија имаат обврска да назначат посебни лица за вршење на **ex-ante и ex-post финансиски контролор** за проверка на законитоста и правилноста на финансиските одлуки, како и нивно одобрување или оспорување предвидено со

член 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Притоа освен кај единиците на локалната самоуправа кои се карактеризираат со 42% воспоставена ex-ante финансиска контрола, кај останатите субјекти утврдената состојба е во границите на законските барања. За разлика од ex-ante финансиската контрола, состојбата кај ex-post финансиската контрола не е во рамките на утврдените барања, при што кај единките корисници степенот на воспоставени контроли се движи во границите од 26%, кај единиците на локална самоуправа, 30%, кај буџетските корисници 48%, кај јавните претпријатија, акционерски друштва и агенции 47% од субјектите во наведената група, што упатува на потребата од преземање на дополнителни активности за воспоставување на потребните контроли;

- Назначени се лица за обезбедување на контрола на пристапот и заштита и правилна употреба на материјалните, финансиските и информационите ресурси во субјектите предмет на ревизија.

Со извршената ревизија на интерните акти, воспоставениот информациски систем, пропишаната организациона структура и системот на интерни контроли кои ги применуваат субјектите предмет на ревизија, ги констатиравме следните состојби:

- Преземените активности за донесување на **стратешки план за развој на ИТ системот** или акционен план за имплементација на ИТ системот не ги дава очекуваните резултати, при што потребата од преземање на неопходни активности за надминување на наведената состојба и донесување на ИТ стратегија е најизразита кај јавните здравствени установи (ниту една ЈЗУ предмет на ревизија не располага со наведениот акт), единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија, акционерски друштва и агенции;
- Буџетските корисници, јавните претпријатија, агенции и акционерски друштва и единките корисници се во предност пред другите субјекти (72%, 53% и 40%) во делот на донесувањето на политики и процедури за користење и пристап до ИТ системот;
- Субјектите предмет на ревизија во најголем дел преземале активности за обезбедување на резервна копија (**back up**) на податоците, но во наредниот период се очекува оваа активност да биде преземена од страна на сите субјекти од јавниот сектор, со која ризиците за губење на податоците ќе бидат сведени на прифатливо ниво;
- Во делот на барањето за **заклучување на податоците** од минати години и оневозможување на нивно менување постапувањето е различно кај субјектите предмет на ревизија, при што кај јавните претпријатија, акционерски друштва и агенции обезбедено е соодветно постапување кај 73% од субјектите предмет на ревизија, буџетските корисници 64%, единиците на локалната самоуправа 63%, единките корисници 60 % и јавните здравствени установи со 22%.

Претходно наведените состојби упатуваат дека во најголем дел од субјектите предмет на ревизија воспоставен е соодветен систем на контроли, но постојат и субјекти кај кои во наредниот период се очекува надлежните органи за управување и раководење да преземат дополнителни активности за подобрување на системот на интерни контроли, што ќе обезбеди постигнување на целите на субјектите предмет на ревизија.

По укажување на ревизијата од страна на надлежните органи и раководителите на субјектите во текот на ревизијата превземени се одредени активности, а пред се: за воспоставување на ex-post финансиски контролор, донесување на ИТ стратегија и заклучување на податоците од минати години.

Информации и комуникации

Информациите и комуникациите како компонента на финансиското управување и контрола опфаќаат:

- Утврдување, собирање и распределување на доверливи и сигурни информации со кои се овозможува секое одговорно лице да преземе соодветна одговорност, ефективна хоризонтална и вертикална комуникација на сите хиерархиски нивоа во субјектот, како и надворешна комуникација.
- Раководителите и вработените треба да добиваат и пренесуваат информации неопходни за извршување на задачите, со цел да се обезбеди стабилно финансиско управување и ефективно следење и утврдување на ризичните состојби пред нивното настанување.
- Обврска на раководителот на субјектот е воспоставување на ефикасен систем на информации и комуникација внатре во организацијата и опкружувањето, со што ќе обезбеди ефективност на системот на интерни контроли, согласно со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор.

Ефикасен систем на информации и комуникација обезбедува соодветен вид, квантитет, квалитет и динамика на известување за раководителите и вработените (преку прием, обработка и пренос на информациите) за извршување на задачите и спроведување внатрешна контрола, како и систем на внатрешна и надворешна комуникација, кој ќе обезбеди прецизно, непречено и брзо дистрибуирање на информациите, со цел нивно комплетно и навремено доставување до крајните корисници.

Врз основа на спроведените интервјуа и снимањето на системот кај ревидираните субјекти, буџетски корисници, единки корисници, единици на локална самоуправа, јавни здравствени установи, јавни претпријатија, акционерски друштва во кои државата е доминантен акционер и агенции, со ревизијата констатиравме:

- Кај најголемиот дел од ревидираните субјекти постојат **пишани процедури за движење на документи** во однос на подготвување, извршување, пренесување, употреба и архивирање на документите. Пишаните процедури за движење на документи, придонесуваат вработените да имаат јасни и прецизни правила и инструкции за нивната улога и одговорности поврзани со финансиското управување и контрола.
- Востановената пракса на **проток на информации**, начинот на комуникација и документирање на сите оперативни процеси им овозможува на раководните и управните органи соодветни, навремени, актуелни, точни и достапни информации врз основа на кои ги донесуваат одлуките директно поврзани со целите.

- **Информациите и извештаите** кои на редовна основа се изготвуваат и презентираат на раководните и управните органи, создаваат можност за оценка на законитоста, економичноста, ефикасноста и ефективноста на работењето.
- **Воспоставената комуникација** меѓу раководителите и извршителите ги дефинира и крајните рокови за извршување на задачите. Се дава отчет за степенот на реализација на поставените задачи, а следењето на извршувањето на активностите треба да се обезбеди преку квантитативните и квалитативните индикатори (показатели на успешност) кои се составен дел на стратешките планови.
- Прашање на кое во иднина треба да се посвети поголемо внимание е **редовната комуникација** помеѓу лицето задолжено за неправилности и лицата од организационата единица за финансиски прашања како и доставување на извештаи до надлежните органи.

Наведените состојби упатуваат дека кај ревидираните субјекти постои информационен систем и систем на внатрешна и надворешна комуникација преку кои се обезбедува: навремено информирање на раководните и управните органи за степенот на извршување на задачите, целосно и непречено дистрибуирање на информациите на сите нивоа, уредна и веродостојна документација на оперативните процеси и трансакции, добивање на повратни информации, дефинирање на крајните рокови за извршување на задачите, кои се во насока на воспоставување на ефикасен и ефективен систем на финансиско управување и контрола.

Мониторинг

Согласно член 13 и член 18 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, составен дел на компонентите на финансиското управување и контрола е мониторингот. Следењето односно мониторингот на системот на внатрешна контрола е потребен за да обезбеди разумно уверување дека внатрешната контрола одговара на изменетите цели, опкружувањето, ресурсите и ризиците, со оглед на фактот што контролите се динамичен процес кој постојано треба да се прилагодува на ризиците и промените со коишто се соочува еден правен субјект.

Системите на внатрешната контрола треба да се следат со цел да се оцени квалитетот на работењето на истите. За таа цел, субјектите треба да изготват планови и програми за оценување на внатрешната контрола, при што раководителот на субјектот треба да обезбеди континуирана проверка и оценување на функционирањето на внатрешната контрола и нејзините елементи.

Врз основа на извршените ревизии и анализата на сумираните резултати од истите, заклучивме дека кај 91% од ревидираните субјекти раководството на субјектите има позитивен став за **постапување по дадените препораки од надворешната и внатрешната ревизија**, односно ги преземаат потребните мерки за надминување на утврдените слабости.

Согласно одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, раководителот на буџетскиот корисник од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската

власт, фондовите и општините и градот Скопје е должен до Централната единица за хармонизација да достави **годишен финансиски извештај** најдоцна до 10 мај во тековната година за претходната.

Обврска за доставување на годишен финансиски извештај до Единицата за хармонизација од ревидираните субјекти имаат 44, од кои 36 субјекти, односно 82% ја исполниле обврската.

Како составен дел на мониторингот, значајно место зазема оценувањето на ефективноста на внатрешната контрола преку директна хиерархиска контрола или експертска контрола, односно преку вршење на **самопроценување на одделни процеси** на системот за финансиско управување и контрола. На оваа активност во иднина треба да се посвети поголемо внимание.

Имајќи ги во предвид состојбите во делот на мониторингот на системот на интерни контроли, констатиравме дека има потреба од преземање на дополнителни активности кои ќе му обезбедат разумно уверување на раководството на субјектите за ефикасноста на контролите и уверување дека системот на внатрешна контрола се прилагодува на ризиците и промените со коишто се соочува.

Со ревизијата на процесите за управување и контрола при утврдување на ефективноста на системот на интерни контроли при спроведувањето на набавките и плаќањата и заштита на средствата и обврските (инвентарисување на средствата и обврските) констатирана е следната состојба:

Системот на интерни контроли во процесот на спроведување на набавките и плаќањата

Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор и Законот за јавните набавки, раководителот на субјектот има обврска да воспостави систем на интерни контроли во процесот на спроведување на набавките и плаќањата. Преземањето на ваквите активности има за цел намалување на ризикот од недоследно почитување на законските и подзаконските акти, во насока на обезбедување конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки, рационално и ефикасно искористување на средствата, како и воспоставување на соодветни контроли во делот на настанување, вреднување и реално постоење на обврските спрема добавувачите.

За потврдување на ефективноста на системот на интерни контроли во процесот на набавки и плаќање извршивме ревизија на начинот на спроведување на активностите и тоа во делот на утврдување на потребите и иницирање на набавките, спроведувањето на постапките за доделување договор за јавна набавка, начинот на реализација на склучените договори, како и движењето, контролата, одобрувањето и исплатата на финансиската документација.

Со увид на доставената документација и извршените тестови на усогласеност и детални тестирања при оценка на воспоставените контроли во процесот на набавки, а во насока на осознавање дали од страна на одговорното лице на субјектот се преземени активности за

воспоставување на соодветен систем на интерни контроли, ревизијата ги констатира следните состојби:

- Кај **буџетските корисници** утврдивме дека формирана е посебна организациона единица/лице за јавни набавки и донесени се планови за јавни набавки согласно потребите на субјектите и законските прописи. Кај најголем број односно кај 92% склучените договори се согласно тендерската документација, а кај 96 % набавките се реализирани согласно одредбите од склучените договори.
- Состојбите кај ревидираните **единки корисници** во областа на јавните набавки се следни: кај 60 % од ревидираните субјекти, донесени се планови за јавни набавки согласно потребите на субјектите и законските прописи. Кај 90% од ревидираните единки корисници склучените договори се согласно тендерската документација, а кај 60 % јавните набавки се реализирани согласно условите од склучените договорите.
- Состојбите во процесот на јавни набавки кај ревидираните **единици на локална самоуправа** се следните: кај 89% од единиците на локална самоуправа формирана е посебна организациона единица за јавни набавки, донесени се планови за јавни набавки согласно потребите и законските прописи и склучените договори се согласно тендерската документација. Кај 84% од единиците на локалната самоуправа набавките се реализирани согласно одредбите од склучените договори.
- Кај **јавните претпријатија, акционерските друштва и агенциите** 93% од ревидираните субјекти имаат донесено планови за јавни набавки согласно потребите и законските прописи, склучените договори се согласно тендерската документација и набавките се реализирани согласно одредбите од склучените договори.
- Воспоставена е организациона единица за јавни набавки кај ревидираните **јавни здравствени институции**. Донесени се планови за јавни набавки согласно потребите на субјектите и законските прописи и склучените договори се согласно тендерската документација кај сите ревидирани јавни здравствени институции. Кај сите ревидираните јавни здравствени институции набавките се реализирани согласно одредбите од склучените договори.

Ревизијата утврди дека од страна на раководните лица на субјектите предмет на ревизија се преземени потребните активности за воспоставување и функционирање на системот на интерни контроли во процесот на спроведување на јавните набавки согласно законските одредби што овозможува соодветна конкуренција, транспарентност, еднаков третман и недискриминација на економските оператори.

Ревизијата имаше за цел да ја оцени ефективноста на системот на интерни контроли во процесот на плаќање, преку добивање уверување дека:

- се врши точна и навремена исплата;
- плаќањата се вршат само за примените добра и услуги и на соодветен добавувач и
- во главната книга се евидентираат плаќањата направени за набавените стоки и услуги.

За таа цел ги детектиравме ризици, кои може да имаат влијание врз остварување на целите на овој процес:

- исплата на погрешен износ;
- фактурата да не е во согласност со поткрепувачката документација;
- фактурата да е платена, а да не е извршена услугата или примена стоката;
- двојно плаќање на фактура;
- плаќање на друг субјект;
- плаќање без одобрение на овластено лице.

Имајќи ги предвид целите на процесот како и ризиците кои може да имаат влијание врз остварување на целите, ревизијата имаше за цел да утврди дали се воспоставени соодветни контроли и дали се ефективни и ефикасни во покривањето на детектираните ризици и дали осигуруваат дека целите на процесот се исполнети, како и да детектира дали раководството има преземено мерки за намалување на констатираните ризици. За таа цел извршивме проверка на воспоставените контроли со кои го верифициравме постоењето и функционирањето на истите. При тоа констатиравме дека 80% од ревидираните субјекти имаат донесено интерни процедури за процесот на плаќање.

Во однос на потребата за воспоставена поделба на надлежностите помеѓу лицата овластени за одобрување на плаќањето, исплата на средствата и нивно сметководствено евидентирање, констатиравме дека кај 76% од ревидираните субјекти извршена е ваква поделба на надлежности, со што е оневозможено едно лице или организациона единица да ги контролира сите значајни фази на определена активност, како што се: одобрување, извршување и сметководствено евидентирање.

Инвентарисување на средствата и обврски

За непречено спроведување на активностите за организирање, спроведување и известување за резултатите од извршениот попис на средствата и обврските, потребно е субјектите да пропишат и воспостават систем на контроли, со кои ќе се обезбеди извршување на пописот согласно одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Законот за трговски друштва, Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и Правилникот за водење на сметководство.

Ревизијата имаше за цел да ја оцени ефективноста на системот на интерни контроли во процесот на инвентарисување односно во спроведување на пописот преку добивање уверување дека:

- пописот е извршен во законски утврдените рокови;
- пописот е сеопфатен, односно ги опфатил сите средства, сопствени и туѓи;

- пописот е квалитетно извршен;
- извршено е усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- изготвен е извештај од извршениот попис и истиот е разгледан и одобрен од надлежните органи;
- донесен е акт за прифаќање на извештајот за извршениот попис во кои се содржани детални насоки за постапување.

Буџетите и буџетските корисници, како и трговските друштва се должни најмалку еднаш годишно во деловната година да извршат попис на средствата и обврските и да ја усогласат сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена со пописот.

Со увид во целокупниот процес на инвентарисување како и врз основа на ревизорските техники за контрола на извршениот попис, ги констатиравме следните состојби:

- Кај најголем број од **буџетските корисници и единките корисници** кои беа опфатени со ревизијата односно кај над 88% од нив, донесен е интерен акт со кој е пропишан начинот и постапката на организирање и вршење на процесот на инвентарисување односно пописот. Во однос на усогласувањето на состојбата на средствата и нивните извори, побарувањата и обврските искажани во сметководствената евиденција со податоците како фактичка состојба, потребно е преземање на дополнителни активности кај субјектите кај кои не е извршено целосно усогласување. Во понатамошниот период исто така потребно е навремено усвојување на извештајот од извршениот попис и целосно евидентирање на резултатите во финансиските извештаи.
- Кај 67% од ревидираните **јавни здравствени установи** утврдивме дека има пропишано и донесено акт со кој е воспоставен систем на активностите за организирање, спроведување и известување за резултатите од извршениот попис на средствата и обврските, кои во најголем дел се покриени со контроли. Кај повеќе од половината ревидирани јавни здравствени установи констатиравме дека потребено е во иднина со пописот да бидат опфатени сите средства и нивните извори, како и да се врши целосно усогласување на фактичката со сметководствената евиденција. Во однос на законски утврдениот рок за завршувањето на активностите на пописот, донесување на акт за усвојување на извештајот од извршениот попис и негово евидентирање, утврдивме дека најголем број од јавни здравствени установи постапиле согласно законската регулатива.
- Кај **единиците на локалната самоуправа** констатиравме дека постои потреба од зајакнување на системот на интерни контроли во процесот на инвентарисување, иако сите 19 единици на локална самоуправа кои беа ревидирани имаат донесено интерни акти за спроведување на пописот, во кои се утврдени постапките и активностите кои треба да бидат реализирани во текот на вршењето на пописот. Утврдивме дека во наредниот период потребно е со постапката на вршење на пописот да бидат опфатени сите побарувања и обврски, материјални и нематеријални средства со кои располагаат општините и да се врши целосно усогласување на податоците од сметководствената евиденција со утврдените резултати односно со фактичката состојба. Со преземање на наведените активности како и со евидентирање на резултатите од пописот во сметко-

водствената евиденција, општините ќе обезбедат целосни податоци за имотот со кој располагаат.

- Со извршената ревизија на процесот на инвентарисување кај **јавните претпријатија, акционерските друштва и агенциите** кои беа предмет на ревизија, констатиравме дека органите за управување и раководење имаат пропишани интерни акти за спроведување на пописот, но сепак има присуство на ризици во делот на спроведувањето на активностите за извршување на пописот, што можат да имаат влијание при финансиското известување односно во искажувањето и потврдувањето на позициите во финансиските извештаи. Во насока на надминување на констатираните состојби дадовме препораки за нивно подобрување и тоа во однос на целосен опфат на средствата, материјалите, побарувањата и обврските, како и усогласување на состојбата искажана во трговските книги со фактички утврдената со пописот.

Имајќи ја во предвид важноста на процесот на инвентарисување, потребата од податоците до кои се доаѓа при извршувањето на пописот како и нивното влијанието врз реалното и објективното изготвување на финансиските извештаи, несомнено можеме да констатираме дека дел од ревидираните субјекти, согледувајќи ја улогата на пописниот материјал, ги имаат превземено потребните мерки и активности за непречена и целосна реализација на овој процес. Секако кај дел од субјектите, кај кои констатиравме отстапувања, постои потреба од воспоставување на систем на интерни контроли во делот на планирањето и извршувањето на процесот на инвентарисување на средствата и обврските, кои ќе потврдат дека активностите во процесот се вршат целосно, навремено и квалитетно, со што се овозможува непречено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и изворите на средствата.

Внатрешна ревизија

Во рамките на ризичната област која третира прашања од **Внатрешната ревизија** извршени се истражувања со цел да се даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со слабости и потенцијални ризици во оваа област.

Со извршениот увид во доставената документација, извршените анализи и интервјуа со одговорните лица, ревизијата ги утврди следните состојби:

- Внатрешна ревизија како независна активност на давање објективно уверување и совет на раководителот на субјектот од јавниот сектор, се воспоставува со цел да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на субјектот. Препознавајќи го круциалното значење на независноста на внатрешната ревизија, констатиравме дека одговорните лица на буџетските корисници како и на урбаните единици на локалната самоуправа, имаат предвидено **посебна единица за внатрешна ревизија** во своите акти за организација на работењето и систематизација на работните места.
- Во однос на **воспоставеноста и функционирањето** на внатрешната ревизија констатиравме дека **буџетските корисници и дел од единиците на локалната самоуправа** (ста-

нува збор за урбаните општини), работите на внатрешната ревизија ги врши посебен сектор или одделение, кое е директно одговорно пред одговорното лице на субјектот.

- Ревизиите се вршат согласно стратешките и годишните планови за вршење на ревизија, а за секоја поединечна ревизија се изготвуваат извештаи кои се доставуваат до раководните лица. Доставените извештаи им обезбедуваат на раководните лица уверување за функционирањето на ревидираните системи и процеси и системот за финансиско управување и контрола и во истите се наведени нерегуларности, неусогласености и недостатоци.
- Констатиравме дека внатрешните ревизори во ревизорските извештаи даваат препораки за подобрување на тековната, констатирана состојба, минимизирање на слабостите и подобрување на ефикасноста на работењето. Кај 60% од буџетските корисници кои беа предмет на ревизија, констатиравме дека е воспоставена евиденција за степенот на имлементација на дадените препораки, од што констатиравме дека раководните лица имаат позитивен став кон дадените препораки и истите превземаат мерки за нивна имплементација. Во исто време, кај 28% од буџетските корисници, согласно дадените препораки во текот на вршење на ревизијата, отпочнати се активности за воспоставување на наведената евиденција.
- Кај **единките корисници како и кај единиците на локалната самоуправа**, кај кои просечниот годишен буџет во последните три години не го надминува износот од 50 милиони денари, констатиравме дека кај поголем број од нив, внатрешната ревизија е организирана со ангажирање на внатрешен ревизор од друг субјект од јавниот сектор, врз основа на договор склучен меѓу раководителите на двата субјекти односно помеѓу градоначалниците на двете општини. Имајќи го во предвид ваквиот начин на функционирање на внатрешната ревизија кај овие субјекти, како и високиот степен на ангажираност на внатрешните ревизори со склучените договори, констатиравме потреба од поголем број на извршени ревизии во текот на една година, следење односно мониторинг на дадените препораки и нивното спроведување.
- Со извршената ревизија кај **јавните здравствени установи** констатиравме дека установите немаат основано единица за внатрешна ревизија и истата не е предвидена со актите за организација на работата и систематизација на работни места. Исто така, во известувачкиот период не се преземени активности за ангажирање на внатрешен ревизор од друг субјект од јавниот сектор за вршење на ревизија. Отсуството на внатрешна ревизија, како независна активност на давање објективно уверување и совет, во функција на подобрување на работењето на субјектот придонесува раководните лица во установите да немаат увид во функционирањето на системот на внатрешните контроли, состојба која претставува ризик за неоткривање на евентуалните отстапувања во примената на законските, подзаконските и интерните акти, веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации, безбедноста на имотот и информациите и извршувањето на задачите и остварување на целите. Во наредниот период е потребно да се преземат мерки и активности за воспоставување, формирање и кадровско екипирање на внатрешна ревизија во јавните здравствени установи.

Погоре наведените состојби упатуваат на констатацијата дека внатрешната ревизија, како независна активност на давање на објективно уверување и совет на раководителот на субјектот од јавниот сектор за подобрување на работењето на субјектот е област на која во наредниот период, треба да и се посвети поголемо внимание од аспект на нејзино воспоставување во субјектите од јавниот сектор, обезбедување на соодветни услови за нејзино непречено функционирање и зголемување на знаењата и вештини на внатрешните ревизори.

Координација на развојот, воспоставувањето, спроведувањето и одржувањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола

Подготвување и донесување на законски, подзаконски акти, прирачници и насоки

Потребата од воведување на внатрешната контрола како активност која обезбедува извршување на финансиските трансакции во согласност со законите е уредена со одредбите на Законот за буџетите и Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ефективна и ефикасна внатрешна контрола преставува основното барање на сигурното финансиско управување кое во суштина преставува едно од осумте буџетски начела.

Системот на ФУК и ВР во јавниот сектор во Република Македонија е дефиниран со донесувањето на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ број 22/2007); Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор; Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 69/2004, 22/2007); Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија и други подзаконски акти кои се во функција на правилно воспоставување и функционирање на ЈВФК.

Потоа, ЈВФК се дефинирана со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ број 90/09; 12/11 и 188/13), Стандардите за внатрешна контрола, Стандардите за внатрешна ревизија и подзаконските акти од оваа област. Со извршената ревизија на наведените акти, констатиравме дека:

- Постои потреба од додефинирање на воспоставувањето на финансиското управување и контрола кај субјектите од јавниот сектор. Имено според информациите со кои располага ревизијата констатиравме дека одредени буџетски корисници и единиците на локалната самоуправа, поради недостиг на човечки ресурси и финансиски средства, се соочуваат со потешкотии при исполнување на барањата утврдени со ЗЈВФК и подзаконските акти. Оваа состојба е истакната и во Стратегијата за развој на јавната внатрешна финансиска контрола за периодот 2015 - 2017 година каде е наведено дека се јавуваат потешкотии при воспоставувањето на институционалната рамка на овој систем кај помалите институции од централно и локално ниво, заради што се наметнува прашањето на потребата за основање на единица за финансиски прашања за институциите чиј реализиран буџет во претходната година е под одредена вредносна граница, а раководителот на субјектот би определил лице одговорно за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола.

Исто така ја истакнуваме потребата од преиспитување на утврдените критериуми во делот на утврдените вредносни прагови за формирање на единица за внатрешна ревизија во делот на утврдениот број на извршители/внатрешни ревизори.

Ваквата состојба упатува на потребата од преземање на активности за изменување и дополнување на законските и подзаконските акти кои го уредуваат начинот на воспоставување и функционирање на ФУК и ВР кај субјектите во јавниот сектор.

- Постои неусогласеност помеѓу одредбите од ЗЈВФК и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор кои се објавени врз основа на членот 13 од истиот закон и се на сила во Република Македонија во делот на опфатот односно воспоставувањето на ФУК. Имено, согласно одредбите на ЗЈВФК, ФУК се воспоставува кај буџетските корисници од законодавната, извршната и судската власт, фондовите, ЕЛС и градот Скопје, при што во членот 4 изоставени се јавните претпријатија и акционерските друштва во кои државата е доминантен сопственик (субјекти од јавниот сектор) како субјекти кои се должни да воспостават систем на ФУК. Од друга страна во објавените Стандарди за внатрешна контрола во јавниот сектор не е направена ваква дистинкција на субјекти кои имаат обврска за воспоставување на систем на ФУК и истите се однесуваат на сите субјекти од јавниот сектор вклучително и јавните претпријатија и акционерските друштва во кои државата е доминантен сопственик.
- И покрај преземените активности од надлежното министерство за донесување на законските и подзаконските акти и спроведените едукации за зголемување на знаењата и вештините на лицата инволвирани во системот на ЈВФК, ревизијата препорачува во наредниот период да се донесе Програмата за обука за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола дефинира со член 12 став 3 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;

Воспоставувањето на ЈВФК системски е насочувано преку Стратегиите за развој на јавна внатрешна финансиска контрола во РМ, кои го опфаќаа периодот од 2006 до 2008, 2010 до 2012 година и 2015 до 2017 година. Со овие стратегии предвидени се Акциони планови со дефинирани мерки и рокови за имплементација на активностите, кои се спроведуваат преку проекти финансирани од ЕУ.

Со увид во предвидените активности во стратегиите и степенот на нивна реализација го констатиравме следното:

- Стратегиите за развој на ЈВФК за периодот од 2006 до 2008 година и 2010 до 2012 година ги дефинираат мерките и активностите потребни за зајакнување на финансиската контрола во јавниот сектор на Република Македонија преку имплементација на веќе дефинираниот оперативен модел на ЕУ за јавна внатрешна финансиска контрола кој претставува комбинација на раководната одговорност и функционално независната внатрешна ревизија и нивна хармонизација. Со овој модел се овозможува редизајнирање на внатрешната контролна средина и унапредување на контролниот систем во јавниот сектор на Република Македонија, согласно меѓународните стандарди и најдобрите практики на ЕУ.

Согласно погоре наведените стратегии, меѓу другото, реализирани се следните активности:

- Формирање на Централна единица за хармонизација како организациона единица во рамките на Министерството за финансии. ЦЕХ е надлежна за координација на активностите за спроведување и развој на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор и е одговорна за подготовка на закони и подзаконски акти, како и методологија и стандарди за работа за системот на ЈВФК. Исто така ги координира обуките за раководителите и вработените вклучени во финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, ја одржува базата на податоци за единиците за внатрешна ревизија и единиците за финансиски прашања и соработува со институциите одговорни за прашања од ЈВФК од земјата и странство со цел размена на најдобрите искуства и нивна имплементација во системот на ЈВФК во Република Македонија;
- За координација на активностите за прашања поврзани со ФУК и ВР во текот на 2011 година формирани се и Комитет за финансиско управување и контрола и Ревизорски комитет како консултативни тела, кои согласно ЗЈВФК треба да одржуваат состаноци најмалку четири пати во годината, а за нивното функционирање донесени се деловници за работа;
- Објавени се меѓународно прифатените стандарди за внатрешна контрола и меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија со што се создадени услови за воспоставување на законска и институционална рамка на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор;
- Предвидено е и отпочнато е организационото воспоставување на системот на внатрешна контрола кај буџетските корисници, односно воспоставување на единици за финансиски прашања и внатрешна ревизија и назначување на раководители на истите.

Во текот на 2014 година донесена е Стратегијата за развој на јавната внатрешна финансиска контрола во Република Македонија за периодот од 2015 до 2017 година, во која се предвидени активности за практично спроведување на воспоставениот систем на внатрешни финансиски контроли во субјектите од јавниот сектор и зголемување на свеста за значењето и придобивките на овој систем преку зајакнување на ФУК и ВР.

Со оваа стратегија дефинирани се следните општи цели за развој на системот:

- Подобрување на квалитетот на услугите во јавниот сектор преку понатамошен развој на финансиското управување и контрола;
- Екипирани и оперативни единици за внатрешна ревизија;
- Зајакнување на капацитетот на ЦЕХ со цел обезбедување координација и ефикасна поддршка на институциите во јавниот сектор во процесот на спроведување на ФУК и ВР.

Со донесувањето на законските и подзаконските акти и поодделните стратегии за развој на ЈВФК во Република Македонија се создаваат неопходните законски услови за воспоставување на систем на ЈВФК, кој континуирано е следен/мониториран од надлежните органи, но имајки ја во предвид неговата улога, значењето и придобивките од наведениот систем, надлежните органи потребно е да преземат активности за преиспитување на утврдениот опфат во делот на воспоставувањето на ФУК и ВР.

Хармонизација и надзор на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија

ЦЕХ обезбедува поддршка во спроведувањето на системот на внатрешните финансиски контроли кај сите буџетски корисници, преку координација и хармонизација на активностите поврзани со развојот и спроведувањето на овој систем во јавниот сектор во Република Македонија.

Со извршената ревизија на расположливите документи и спроведените активностите од страна на ЦЕХ ги утврдивме следниве состојби:

- Согласно актот за систематизација и организација на работните места на Министерството за финансии, ЦЕХ функционира како Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола со Одделение за хармонизација на ФУК и Одделение за хармонизација на ВР. Од систематизираните 23 пополнети се 11 работни места, без притоа да биде пополнето и работното место Раководител на одделение за хармонизација на ВР. Исто така, не е формирана посебна организациона единица во рамки на секторот за вршење активности на супервизија на квалитетот на системот на ФУК и квалитетот на работењето на ЕВР во субјектите од јавниот сектор што како надлежност на ЦЕХ е предвидена со ЗЈВФК. Наведената состојба упатува на потребата надлежното министерство да преземе активности за преиспитување на наведените состојби и преземање на потребните активности за надминување на истите.
- Координативната улога ЦЕХ ја спроведува преку организирање обуки, давање насоки и одржување на работни средби со субјектите од јавниот сектор. Иако не е донесена посебна Програма за обука за воспоставување и развој на ФУК, ЦЕХ во соработка со земјите од ЕУ преку спроведување на неколку проекти[1] во рамки на кои се содржани и поединечни програми, во периодот од 2009 до 2013 година, има организирано повеќе обуки на кои континуирано се даваат насоки на субјектите за преземање на потребните активности за воспоставување, развој и спроведување на системот за ФУК и ВР. Изготвени се методолошки акти[2] во кои се наведени конкретните активности потребни за воспоставување и унапредување на системот за ФУК и ВР, додека за олеснување на имплементацијата на системот на веб страницата на Министерството за финансии истите се објавени. Имајќи во предвид дека истите се донесени во текот на 2010 година од една страна, а воедно настанати се одредени промени во законските и подзаконските акти и стандардите за професионално извршување на внатрешната ревизија, дефинирајќи сосема нов пристап и начин на „услови и начин на спроведување на обука и полагање на испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор“, се наметнува потребата од преиспитување од нивно ажурирање и издавање на нови прирачници согласно утврдените модули за едукација на заинтересираните лица за полагање испит за овластен внатрешен ревизор.

[1] **Твининг проектот** „Зајакнување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола“ во 2009 г.
MATRA Проект „Зајакнување и имплементирање на јавната внатрешна финансиска контрола на централно ниво“ во 2009 и 2010 г.
Твининг проект „Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво“ во 2012 г.
Проект TIAPS „Обука на внатрешни ревизори во јавниот сектор“

[2] Прирачник за финансиско управување и контрола и Прирачник за внатрешна ревизија.

- Со измените во ЗЈВФК во 2013 година детално е опишана постапката за условите и начинот на спроведување на обука и полагање на испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор, што до негово донесување беше регулирано со посебен подзаконски акт. До отпочнувањето на Националната сертификација (08.01.2015 година) и донесувањето на Програма за спроведување на обука и испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор, во тек е меѓународна сертификација на внатрешните ревизори. Преку реализација на проектот на ЕУ за обука на внатрешни ревизори од јавниот сектор до сега е извршена меѓународна CIPFA сертификација на 45 внатрешни ревизори и 23 сметководители.
- За ефикасна координација и развојот на системот на ФУК и ВР, ЦЕХ одржува работни средби со лицата задолжени за воспоставување и развој на ФУК и ВР во субјектите, со цел размена на искуства, знаења, воочување тешкотии и слабости при имплементацијата и предлагање соодветни решенија во согласност со стандардите и примерите на добрите практики од спроведувањето на овој систем.
- Активностите за супервизија на квалитетот на системот на ФУК и квалитетот на работењето на ЕВР, во субјектите како надлежност на ЦЕХ предвидена со ЗЈВФК, се уште не се извршуваат, а со Стратегијата за развој на јавната внатрешна финансиска контрола во Република Македонија за периодот од 2015 до 2017 година е предвидено започнување на истите во наредниот период.
- За координација на активностите за прашања поврзани со ФУК и ВР во текот на 2011 година формирани се и Комитет за финансиско управување и контрола и Ревизорски комитет како консултативни тела, кои согласно ЗЈВФК треба да одржуваат состаноци најмалку четири пати во годината. Заклучно со 2014 година одржани се 4 седници на кои се разменувани информации за степенот на имплементација на системот во поединечните субјекти. Во март 2015 година одржана е петта седница на комитетите при што е изготвена Информација за состојбата на ФУК и ВР и мерки за понатамошен развој.
- Врз основа на доставените стратешки и годишни планови за ревизија како и Годишните финансиски извештаи од субјектите, ЦЕХ секоја година до Владата на Република Македонија доставува Годишен извештај за функционирање на системот на ЈВФК. Во овој Извештај се известува за спроведените активности во годината, тековната состојба и идните насоки за развојот на овој систем. Составен дел на извештајот се поединечни заклучоци за идните активности кои субјектите треба да ги преземат со конкретни рокови за постапување и известување. Согласно Годишниот извештај за 2013 година, Годишни финансиски извештаи за активностите за воспоставување и развој на ФУК во 2013 година до ЦЕХ доставиле 66 (87%) буџетски корисници од прва линија и 58 (72%) ЕЛС. Годишни извештаи за извршени ревизии и активности на внатрешната ревизија во 2013 година до ЦЕХ доставиле 60 (75%) субјекти од јавниот сектор и 52 (64%) ЕЛС.

Имајќи ја во предвид улогата, значењето и активностите кои ги има преземено ЦЕХ за создавање на институционална рамка за воспоставување на системот на ЈВФК, надзорот и хармонизацијата која ја врши, ревизијата констатира дека во најголем дел се преземени потребните активности, но надлежното министерство има потреба од преземање на дополнителни активности во делот на обезбедување на потребните човечки ресурси, донесување на под-

законските акти, спроведување на супервизија на системот на ФУК и ВР и одржување на седници на квартално ниво од страна на комитетот за ФУК и ревизорскиот комитет.

Погоре наведените констатации претставуваат основа за давање одговор на поставената ревизорска цел, при што потврдивме дека координацијата на активностите за развојот, воспоставувањето, спроведувањето и одржувањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола е во надлежност на Министерството за финансии, додека надлежните органи за управување и раководење во субјектите од јавниот сектор имаат обврска за преземање мерки, политики и конкретни активности за пропишување на подзаконските и интерните акти, донесување и имплементација на процедурите за финансиско управување и контрола (планирање, извршување, мониторинг и известување) и внатрешната ревизија кои претставуваат предуслов за воспоставување на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија.

Со извршената ревизија на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија, како и нивната координација кај субјектите предмет на ревизија констатиравме дека кај најголем дел од истите е воспоставен соодветен систем на координација, како и донесени се стратешки и годишни планови за работа, годишни извештаи за работењето на субјектите, воспоставени се политики и практики за управување со човечките ресурси, донесени се процедури за работа, правилници и политики со кои се уредени тековните работни процеси, воспоставени се ex-ante и ex-post финансиска контрола, воспоставен е соодветен проток на информации, создадена е соодветна комуникација во и надвор од субјектите, воспоставени се системи на интерни контроли во процесот на набавки и плаќање, што упатува дека делумно се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија за непречено остварување на целите на субјектите.

Постои потреба за подобрување на функционирањето и развојот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија.

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Државниот завод за ревизија во 2014 година оствари успешна меѓународна соработка со повеќе врховни ревизорски институции на билатерална и мултилатерална основа што придонесе за континуирано унапредување на квалитетот на работењето на Државниот завод за ревизија. Размената на нови знаења и искуства од областа на државната ревизија со колегите од другите ВРИ се одвиваше преку стандардизираните форми на соработка и во координација на INTOSAI[3] и EUROSAI[4]. Придонесот на Државниот завод за ревизија во работата на работните групи и тела формирани за реализација на стратешките цели на EUROSAI 2011-2017 и во промовирањето на етиката и интегритетот кај ВРИ и институциите во јавната администрација, во 2014 година продолжи со несмален ентузијазам и посветеност.

Државниот завод за ревизија е скоро една деценија активен член на мрежата на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ и Европскиот суд на ревизори и е ветеран не само по должината на стажот туку и по придонесот во реализирањето на активностите на мрежата. Во 2014 година посебно внимание заслужува бројот на вработени во Државниот завод за ревизија кои беа упатени на повеќе меѓународни настани за едукација и надградба од областа на независноста и етиката на ВРИ, ревизијата на успешност и внатрешната ревизија; ревизијата на јавните приходи и ISSAI стандардите за ревизија на усогласеност како и откривање и спречување на измами.

Кандидатскиот статус на Република Македонија стекнат во 2006 година овозможи на Државниот завод за ревизија, во својство на активен набљудувач, да учествува на состаноците на Контакт комитетот и да биде во чекор со случувањата и новите предизвици со кои се соочуваат шефовите на ВРИ од Европската унија и на Европскиот суд на ревизори.

[3] Меѓународна организација на врховните ревизорски институции – ДЗР е член од 2001 година.

[4] Европска организација на врховните ревизорски институции- ДЗР е член од 2002 година.

Активности во рамките на EUROSAI и INTOSAI

Државниот завод за ревизија активно го одржува членството во работните групи на EUROSAI за животна средина од 2002 и за ИТ од 2005 година. Претставници на Државниот завод за ревизија учествуваа на состанокот на работната група за ИТ на EUROSAI кој се одржа во март 2014 година во Потсдам, Германија каде што домаќинот, ВРИ на Германија по повод 300 годишнината од формирањето, организираше и симпозиум посветен на најновите трендови на ИТ. Работната група за животна средина на INTOSAI го одржа својот редовен годишен состанок во септември 2014 година на Филипини, на кој учествуваа и претставници на Државниот завод за ревизија.

На покана на развојната иницијатива на INTOSAI (IDI), Државниот завод за ревизија во 2014 година се вклучи во глобалната програма на IDI за специјализирани ревизии со претставник во улога на дописен ментор за ревизија на јавниот долг.

На покана на ВРИ на Португалија која претседава со оперативната група на EUROSAI за ревизија и етика, Државниот завод за ревизија трета година по ред учествува во нејзините активности, преку свој претставник на состаноците и семинарите организирани во насока на јакнење на интегритетот и етиката кај врховните ревизорски институции и институциите во јавната администрација.

Државниот завод за ревизија во текот на 2014 година даде активен придонес за изградбата на капацитетите на ВРИ, примената на професионалните стандарди и размената на знаења помеѓу членките на EUROSAI и пошироко, преку претставници во работните групи за реализирање на Стратегискиот план на EUROSAI 2011-2017.

Во јуни 2014 година делегација на Државниот завод за ревизија учествуваше на IX конгрес на EUROSAI кој се одржа во Хаг, Холандија. На собирот на кои присуствуваа претставници на ВРИ од цела Европа, учесниците дискутираа за иновациите во рамките на државната ревизија.

Во ноември 2014 година на 69-то Генерално Собрание на Обединетите нации, усвоена е нова Резолуција за промовирање и поттикнување на ефикасноста, отчетноста, ефективноста и транспарентноста на јавната администрација преку зајакнување на Врховните ревизорски институции:

Генералното Собрание,

Повикувајќи се на Резолуцијата на Обединетите нации 66/209 од 22 декември 2011 година,

Повикувајќи се, исто така, на обврските произлезени од резултатите на сите поголеми конференции и самити на Обединетите нации,

Нагласувајќи ја потребата од подобрување на ефикасноста, отчетноста, ефективноста и транспарентноста на јавната администрација,

Нагласувајќи, исто така, дека ефикасна, отчетна, ефективна и транспарентна јавна администрација игра клучна улога во имплементацијата на меѓународно прифатените развојни цели, вклучително Милениумските развојни цели,

Истакнувајќи ја потребата од градење капацитети како инструмент за промовирање на развојот, и поздравувајќи ја соработката на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции со ОН во тој поглед,

1. *Потврдува дека Врховните ревизорски институции можат да ги извршуваат своите задачи објективно и ефективно само доколку се независни од субјектот на ревизија и заштитени од надворешно влијание;*

